РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ
Бр.10-290/1
26.12.2025 год.
Русиново БЕРОВО

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**<u>„НИКОЛА ПЕТРОВ – РУСИНСКИ“ РУСИНОВО, БЕРОВО</u>**

**ЗА ПЕРИОД ОД 2023/2024 ДО 2024/2025 година**



ОКТОМВРИ 2025 година

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | ООУ „Никола Петров -Русински“ Русиново, Берово |
| Адреса | Ул. ,,Борис Кидрич“ бр. 1 |
| Телефон, е – пошта | Моб. 071/246-210; 033/448-522, rusinski_rusinovo@yahoo.com |
| Период на подготовка на Самоевалуацијата | октомври - декември 2025 година |
| Број на ученици во училиштето | 60 |
| Број на подрачни училишта | / |
| Директор | |
| Име и презиме | Јованка Василевска Петрушева |
| Потпис | |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме на претседател на УО | Мери Цингарска |
| Потпис | Мери Ц. |
| Датум | 26.12.2025 |

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Вонаставни активности и натпревари** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците;<br>*Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br>*Записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br>*Анкети со наставници;<br>*Интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>*Извештаи од стручни соработници за следени планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето ја планира однапред целокупната работа на сите наставници преку Годишните програми за работата на училиштето, каде редовно се подобруваат Програмите за работа и се интегрираат нови Програми во зависност од потребите на училиштето и новите програми предложени од БРО и МОН.<br>Наставата се одвива во една смена, а часовите почнуваат во 08:00 часот со првиот час и завршуваат во 13:25 часот со седмиот час.<br>Работата на наставниците се следи постојано преку увид во планирањата и водењето на педагошката евиденција и документација и др., а најмалку два пати годишно се вршат посети за време на час, при што наставниците добиваат повратни информации и поддршка во нивната работа. Стручната служба и директорот на училиштето имаат одредени пропишани процедури и приоди за следење на квалитетот на планирањата на наставниците и нивниот напредок, а наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата. Тие ги следат современите наставни тенденции и воведуваат новини во процесот на планирањето со што се унапредува и воспитно – образовниот процес.<br>Наставникот – ментор во училиштето со поддршка од стручната служба и наставниците работи на советување и менторирање на работата на наставниците приправници со цел да се воведат во наставната работа и да се обучат за поуспешно планирање на наставните програми и планирања, но доколку при вршење увид се појават неправилности нудат решенија и даваат препораки со цел надминување на одредени пропусти. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.1 „Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата“** 56,25% од наставниците целосно се согласуваат, а 43,75% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат и 17,86% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.2 „Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието“** 50,0% од наставниците целосно се согласуваат, 43,75% од наставниците се согласуваат, а 6,25 не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.3 „Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирања за мојот наставен предмет/предмети“** 31,25% од наставниците целосно се согласуваат, 37,5% од наставниците се согласуваат, а 6,25 не се согласуваат, 25,0 целосно не се согласуваат и нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека наставниците ги подготвуваат/адаптираат планирањата за настава и ги доставуваат до стручната служба. На наставниците почетници им се помага во планирањето. Наставниците најчесто преземаат планирања од наставници од други училишта и индивидуално ги прилагодуваат, бидејќи има само по еден наставник во одделение или за предмет. Планирањата на наставниците ги следи педагогот на почетокот на секоја учебна година и при посета на часови во текот на учебната година. Наставните часови ги водат одделенските и предметните наставници според определен распоред, главно интерактивно, односно наставниците ги обработуваат наставните содржини со учениците преку прашања и одговори. Во случај на отсуство на наставник часовите се заменуваат од страна на стручната служба или друг наставник.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека делумно наставниците успешно ја прилагодуваат наставата (материјалот) на потребите и можностите на нивното дете.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата се следи два до три пати во годината од страна на |

| | | |
|---|---|---|
| | | директорот, стручната служба и советници од БРО, наставниците добиваат повратни информации, а планирањето/наставата ги усогласуваат со дадените препораки. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми како и различни ресурси за учење и настава и најчесто ги разменуваат информациите, искуствата и идеите во рамки на стручните активи, со поддршка од стручната служба каде споделуваат сопствени искуства и добри практики од планирањето со што се подобрува квалитетот на планирањата. Наставниците од одделенска настава на стручните активи разговараат за планирањата и дополнителните дидактички материјали и најчесто заедно ги изработуваат. Од посетените обуки се врши дисеминација на наставниците. Исто така постои соработка со наставници од други училишта, консултирање со стручни лица и разменување искуства и добри практики. Наставниците по потреба изготвуваат дополнителни материјали за ученици со потешкотии во учењето кои ги користат при реализација на наставата. По повеќе наставни предмети застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини.<br><br>Од анкетирани 16 наставници по однос на тврдењето **1.4 „Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието“** 37,5% од наставниците целосно се согласуваат, а 62,5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.10 „Моето дете во училиште има различен пристап до различни материјали за учење (на пр. Енциклопедии, списанија, интернет, модели)“** 57,14% од родителите целосно се согласуваат, а 25,0% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и 17,86% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека по анализата на планирањата од страна на педагогот се даваат препораки за дополнување доколку нешто недостасува. Планирањето на наставата е од клучно значење за успех бидејќи „Добро испланирана работа е половина завршена работа“. Наставниците, ресурсите во училиштето (просторните капацитети, материјалите за работа) ги користат максимално и ефективно и има можност за реализирање на современа и квалитетна настава. Најголем предизвик на училиштето е тоа што се намалува бројот на ученици, нема други поголеми предизвици. Од друга страна пак наставниците за реализација на наставата користат различни ресурси како: учебници, интернет |

| | | |
|---|---|---|
| | | страни, разговор со други наставници и пренесување на добри практики, смарт табли, обуки и други материјали, но има и наставници кои подготвуваат содржини и од други извори, користат современи нагледни средства, е – настава и дигитални алатки за наставата да биде поинтересна на денешните ученици. Но исто така постојано се користат современи приоди во наставата (искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.) се со цел подобро да се пренесе материјалот. Повеќето наставници избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување, во зависност од планираните содржини според наставната програма и можностите на учениците. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Годишна програма за работа на училиштето;<br>*Распоред на часови;<br>*Е-дневник;<br>*Педагошка евиденција и документација;<br>*Списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>*Записници од состаноци на стручни активи;<br>*Анкети со наставници; ученици, родители/старатели;<br>*Дискусии во форкус групи со ученици, наставници и родители/старатели;<br>*Интервјуа со | Реализација на наставни планови и програми | Наставниците навремено изготвуваат планирања по сите наставни предмети вклучувајќи и планирања за додатна и дополнителна настава, деца со посебни образовни потреби (по потреба), програми поврзани со содржини од МИМО, ЕКО и ИКТ наставата, како и личен план за професионален развој, програма за соработка со родители, програма за одделенска заедница, програма за воннаставни активности, програма за стручен актив, програма за натпревари, програма за слободни активности, програма за проектни активности. Плановите и програмите се во согласност со програмски документи од БРО а одобрени од МОН и истите се реализираат според дадените насоки и упатства.<br>Наставниците редовно изработуваат годишни и тематски планирања.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека процесот на планирање на наставата во училиштето се одвива индивидуално и за време на состаноци на стручен актив.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете најчесто учи од учебници и интернет, зависно од наставниот материјал.<br><br>**Од фокус групата со учениците** се доби информација дека на најголем дел од часовите наставниците предаваат и пишуваат на табла, а учениците пишуваат во тетратките и понекогаш повторуваат од претходниот час. Поразлични се часовите по музичко, ликовно и физичко образование бидејќи помалку се задава или не се задава домашна работа. Најголем број од часовите се интересни и корисни, а најчесто се учи од учебници. |

| | | |
|---|---|---|
| директорот, стручните соработници;<br>*Извештаи од посети на наставни часови;<br>*Решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>*Изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>*Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>*Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција, вклучително и заеднички наставни часови;<br>*Материјали од постапката за определување изборни/слободни | | На почетокот на учебната година Годишната програма за работа на училиштето се презентира на Наставнички совет даваат мислење, Училишниот одбор ја усвојува и Советот на родители се запознава. Советот на општина Берово дава мислење за Годишната програма, а потоа истата се доставува до БРО и ДПИ. Преку родителските средби и Советот на родители училиштето има воспоставено процедури и методи за информирање на родителите за наставните планови и програми кои се одржуваат во утврдени термини. Веб сајтот на училиштето и огласните табли се исто така начини за информирање на родителите и учениците за имплементација на програмите.<br>Училиштето има пропишано **Протокол за постапка и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство**, **злоупотреба и занемарување** со цел обезбедување на систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо – емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот, развивање на самодовербата и свесноста за својата индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите и човековите права, подготвување на учениците за одговорен живот во слободно и демократско општество и унапредување на здравиот начин на живеење.<br><br>Од анкетираните 28 родители, по случаен избор, по однос на тврдењето **1.1 „Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот“** 89,29% од родителите целосно се согласуваат, а 10,71% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.8 „Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 17,86% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 7,14% целосно не се согласуваат, а 3,57% не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.9 „Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 17,86% од родителите се согласуваат, 3,57% не се согласуваат со тврдењето, а 7,14% од родителите целосно не се согласуваат, нема родители кои не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| изборни предмети и активности;<br>*Планирања за изборни предмети. | | |
| | Избор на наставни предмети | Учениците од I до III одделение имаат слободни ученички активности, а за учениците од IV до VIII одделение училиштето нуди по три изборни предмети од четири категории:<br>- изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети;<br>- изборни предмети за поддршка на интересите на учениците;<br>- изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците;<br>- изборни предмети од спортско рекреативен карактер;<br>кои произлегуваат од претходно спроведена анкета за првичен интерес на учениците. Учениците избираат по два изборни предмети во текот на една учебна година, еден за прво полугодие и еден за второ полугодие. Изборот на двата предмети од четирите подрачја кои ќе бидат понудени на анкетните листови се врши во прилог на ангажирањето на постојаните наставници до полн фонд на часови.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека процесот на понудување на слободни изборни активности и предмети се одвива така што прво се прави анкета за првичен интерес на учениците за слободните изборни предмети. Потоа се прави листа за предмети за кои учениците имаат интерес и се објавува на огласна табла. Се определуваат наставници кои можат да ги предаваат изборните предмети кои се нудат. Потоа на учениците им се делат прашалници со понудени изборни предмети, од кои треба да изберат два, еден за првото полугодие и еден за второто полугодие од различни категории. Учениците посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете има можност да избере предмети кои сака да ги учи, од листата на понудени изборни предмети. Децата добиваат листа на слободни изборни предмети според првичниот интерес и расположливоста на наставен кадар. Избираат два изборни предмети, по еден за секое полугодие и нивниот избор се почитува, односно ги учат оние предмети кои ги избрале. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека конкретните предмети/активности за изборните предмети се определуваат преку анкетни прашалници за учениците.<br><br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека учениците избираат предмети кои сакаат да ги учат од листата на понудени предмети, а процесот на избор се одвива со поделени прашалници со понудени слободни изборни предмети во 4 категории по три предмети, од кои требаше да избереме два, еден за првото полугодие и еден за второто полугодие од различни категории. Нашиот избор се почитуваше затоа што ги учиме оние слободни изборни предмети кои ги заокруживме на прашалникот.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.3 „Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси“** 53,57% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето, 32,14% од родителите се согласуваат, а 14,29 не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.2 „Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси“** 72,73% од учениците целосно се согласуваат со ова тврдење, 22,72% од учениците се согласуваат, а 4,55% од учениците целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.2 „Запознаен/а сум со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 28,57% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација.<br><br>Задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) што се работат во училиште или дома, наставниците добро ги планираат и приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а се поврзани со работата за време на часовите, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат различни ресурси и пriоди за учење и настава, не ограничувајќи се само на учебници. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.5 „Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците“** 75,0% од наставниците целосно се согласуваат, а 25,0% од наставниците се согласуваат, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.6 „Во наставата користам различни ресурси за учење и настава“** 75,0% од наставниците целосно се согласуваат со ова тврдење, 25,0% од наставниците се согласуваат, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците. Во наставата наставниците користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, а во исто време ги поттикнуваат и учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.<br>Наставниците и учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина организирани во форма да поттикнуваат, мотивираат и остваруваат соработка меѓу учениците и наставниците, но и меѓусебно со учениците во училиштето.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека има разлика во приодите кај различни наставници.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** еден типичен час започнува со повторување на претходно учено, предавање на нова наставна содржина, дискусија, а учениците со потешкотии работат на поедноставни задачи или во група со други ученици. Еден поуспешен час: вовед преку енергенс, употреба на техника за учење и рефлексија.<br><br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека учениците пред крајот на часот можат да дискутираат и да прашуваат или да кажат свое мислење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.7 „Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми“** 56,25% од наставниците целосно се согласуваат, 37,5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а 6,25% наставници не се согласуваат, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.8 „Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе“** 68,75% од наставниците целосно се согласуваат, а 31,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.9 „На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив“** 56,25% од наставниците целосно се согласуваат, 37,5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а 6,25% не се согласуваат, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.4 „Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 21,43% од родителите се согласуваат со ова тврдење, а 7,14% не се согласуваат, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.5 „Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 17,86% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 7,14% целосно не се согласуваат, а 3,57% не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.6 „На моето дете повеќето часови му се интересни“** 53,57% од родителите целосно се согласуваат, 42,86% од родителите се согласуваат со ова тврдење, а 3,57% целосно не се согласуваат, нема родители кои не знаат или немаат информација. |
| | Реализација на образовна инклузија | Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби со медицинска белешка од ЈЗУ Здравствен дом – Скопје – Завод за ментално здравје - Младост или од Стручното тело за функционална проценка – Скопје 1 (МКФ), вклучени во редовната настава, но училиштето има формирано **Инклузивен тим на ниво на училиште со Програма за работа**.<br>Сите учениците се активно вклучени во голем број на креативни работилници, еднодневни и повеќе дневни екскурзии, воннаставни активности и проекти. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека образовната инклузија во училиштето се проценува според тоа дали за ученикот има белешка за проценка од МКФ или Завод за ментално здравје – Скопје.<br><br>Од анкетирани 16 наставници по однос на тврдењето **1.14 „Успешно соработувам со образовните асистенти“** 18,75% од наставниците целосно се согласуваат, 6,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 12,5 целосно не се согласуваат со тврдењето, а 62,5% не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Стручните активи соработуваат меѓусебно за новините во наставата како и онлајн часови со примена на дигитализацијата според новата концепција во образованието.<br>Во училиштето координаторот на проектот МИМО изработува Програма за работа и реализира работилници и активности од програмата. Секој наставник во текот на годината спроведува работилници на тема МИМО кои ги предвидуваат во нивните Годишни планирања, а тимот пак реализира самостојни активности во училиштето поврзани со интеркултура и мултикултура.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека меѓуетничката интеграција во училиштето се спроведува преку активности за запознавање на учениците со сличностите и разликите, како и обичаите, храната и верските објекти на различните етнички заедници. Во училиштето учат ученици само од македонска националност, наставата се одвива само на македонски јазик па нема можност за активности со ученици од различни етнички заедници. Исто така во училиштето е формиран Тим за училишна интеграција кој го води координатор. Координаторот и наставниците во изминатите две години организираа активности со кои на учениците им се посочува за другите етникуми кои живеат во Македонија во согласност со програмата за МИМО. Заради тоа што во училиштето учат ученици исклучиво само од македонска националност активностите за меѓуетничка интеграција се интегрираат во наставните содржини кои одговараат и други активности. Во последните две години не се спроведени активности со Комисијата за МИМО при локалната заедница.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека вообичаено се нудат активности за запознавање на учениците со различните верски објекти, јазикот, носиите, празниците и со обичаите и храната на припадниците на другите етнички заедници, а нивното дете е вклучено во воннаставни активности во училиштето според сопствен интерес. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Од фокус групата со ученици** се доби информација дека учениците немаат активности со ученици кои учат на друг јазик, бидејќи наставата во училиштето се одвива на македонски јазик.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.13 „Реализирам МИМО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план“** 31,25% од наставниците целосно се согласуваат со ова тврдење, а 68,75% се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.20 „Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)“** 45,46% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето, 36,36% од учениците се согласуваат, 18,18% од учениците не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетирани 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.7 „Моето дете било вклучено во активност/и реализирана/и со ученици кои учат на различни јазици“** 28,57% од родителите целосно се согласуваат, 14,29% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 3,57% не се согласуваат, 10,71% од родителите целосно не се согласуваат и 42,86% од родителите не знаат или немаат информација. |
| 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
| *Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците;<br>*Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;<br>*Разговор со стручна служба; увид во ученичките досиеја;<br>*Увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | Училницата е место за разменување креативни мислења, ставови и идеи, каде што учениците ги подобруваат своите вештини и добиваат нови знаења.<br>Во учебната 2024/2025 година внатрешноста на училиштето беше целосно реновирана со што учениците добија попријатна и побезбедна средина за учење. Учениците, училниците и другите простории во училиштето ги доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина, која го поттикнува интересот за учење.<br>Училиштето обезбедува безбедна средина за учење во која секој ученик се вреднува и почитува. Наставниците креираат образовна средина која ги поттикнува учениците да преземаат одговорност за своето учење и структурираат активна атмосфера за учење каде учениците ги развиваат своите можности и способности.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.15 „Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати“** 93,75% од наставниците целосно се согласуваат, 6,25% од |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.16 „Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд“** 93,75% од наставниците целосно се согласуваат, 6,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.16 „На часовите можам слободно да кажам што мислам“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетните листови учениците дадоа предлози дека може:<br>- Да се уредат ѕидовите во училниците и училишните ходници и да се обнови фасадата на училишната зграда;<br>- Да се организираат повеќе натпревари;<br>- Во библиотеката треба да има натпревар по брзо читање;<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.14 „Наставниците ме пофалуваат за моите резултати“ 6**8.18% од учениците целосно се согласуваат, 22.27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, а 4,55% не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваа и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.13 „Наставниците ме пофалуваат за мојот труд“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 22,73% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 9,09% не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и ученици кои не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.11 „Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати“** 50,0% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 7,14% целосно не се согласуваат, 7,14% од родителите не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.12 „Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд“** 57,14% од родителите целосно се согласуваат, 28,57% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 7,14% целосно не се согласуваат и 7,14% од родителите не знаат или немаат информација.<br><br>Во анкетните листи родителите дополнително образложија дека училиштето е безбедна и мотивирачка средина во која не постои никаква дискриминација меѓу ученици и меѓу наставници и учениците. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники и материјали (проекти, игра, истражување, интернет, енциклопедии, списанија, модели).<br>Во сите училници во училиштето има поставено интерактивни табли преку кои наставниците визуелно и аудитивно илустрираат концепти за вербални објаснувања или презентации со што се подобрува визуелната и аудитивната перцепција на учениците па така им се дава можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br>Стручните соработници уште при уписот на учениците ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците и во соработка со одделенскиот наставник и родителите преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека поголем дел од наставниците успеваат да ги приспособат задачите според индивидуалните образовни потреби на учениците во оние паралелки каде има ученици со потешкотии. Тоа го прават така што им даваат различни задачи по тежински нивоа на начин на кој можат да ги одговорат, а подготвуваат и посебни наставни листови и тестови за тие ученици. Има разлики меѓу наставниците во зависност од нивната ангажираност да им овозможат напредок на сите ученици според нивните можности и способности.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека учениците со различни образовни потреби се идентификуваат според напредокот во наставниот материјал.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по однос на тврдењето **1.1 „На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)“** 86,36% од учениците целосно се согласуваат, 9,09% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,54% |

| | | |
|---|---|---|
| | | не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и ученици кои не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по однос на тврдењето **1.3 „На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)“** 72,73% од учениците целосно се согласуваат, а 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и ученици кои не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по однос на тврдењето **1.4 „Наставниците ја прават содржината од предметите интересна“** 63,64% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат, 4,55% не се согласуваат со тврдењето, 4,55% целосно не се согласуваат и нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по однос на тврдењето **1.5 „ На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи)“** 63,63% од учениците целосно се согласуваат, 31,82% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.15 „Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете“** 64,28% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Програма за работа на училиштето;<br>*Распоред за додатна и дополнителна настава;<br>*Списоци на ученици вклучени во додатна и | Училишна политика за оценување | Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН во три развојни периоди:<br>учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и бројчано, а учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано.<br>Училиштето има дефинирана политика за оценувањето вклучувајќи и кодекс за оценување во кој основна цел е да го поддржи учењето и да го подобри напредокот на секој ученик. Училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| дополнителна настава;<br>*Правилник за оценување и напредување на учениците;<br>*Интерен правилник за оценување;<br>*Увид во педагошката евиденција и документација;<br>*Користени инструменти за оценување;<br>*Примери на оценети ученички трудови;<br>*Записници од стручните активи и наставнички совет;<br>*Анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите/старателите;<br>*Инструменти за индивидуализирани начини за проверка | | има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и преземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека наставниците обично оценуваат преку тестови, писмени работи, активност на часовите и домашни работи. Наставниците имаат свои однапред утврдени критериуми за оценување во зависност од предметите кои ги предаваат и ги развиваат според составот на ученици и според стандардите за оценување. Се користи сумативно и формативно оценување (наставниците користат формативно оценување во текот на наставата со давање на повратна информација на одговорите на учениците), според стандардите дадени од БРО. Учениците со критериумите за оценување се запознаваат кога се предава нова наставна содржина или кога има тестирање, а родителите за време на родителските средби.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација вообичаено го планираат и спроведуваат оценувањето на учениците со методи и инструменти, според критериуми, ги информираат родителите, даваат повратни информации за подобрување на постигањата на учениците.<br><br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека наставниците оценуваат преку тестови, писмени работи, усни одговори, активности на часовите. Сите ученици се третирани еднакво и имаат еднакви можности за постигнување резултати, на пример ако некој наставник помогне на еден ученик, помага и на сите други ученици.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.18 „Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките“** 68,75% од наставниците целосно се согласуваат, 25,0% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 6,25 не се согласуваат, нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.19 „На учениците им давам насоки како поуспешно да учат“** 75,0% од наставниците целосно се согласуваат, а 25,0% од |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.20 „Применувам различни начини на оценување на учениците“** 75,0% од наставниците целосно се согласуваат, 18,75% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 6,25% не се согласуваат, нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.21 „Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.)** 50,0% од наставниците целосно се согласуваат, 37,5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 6,25% не се согласуваат, а 6,25 % не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.8 „Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 36,36% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% од учениците целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.9 „Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 22,73% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 9,09% не се согласуваат, нема учениците кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.10 „Оценувањето на сите ученици е праведно“** 40,91% од учениците целосно се согласуваат, 36,36% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 9,09% не се согласуваат, а 13,64% од учениците целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.11 „Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат, 13,64% не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.12 „Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.)“** 72,73% од учениците целосно се согласуваат, 22,73% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% од учениците целосно не се согласуваат и нема ученици кои не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.15 „Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците“** 90,91% од учениците целосно се согласуваат, а 9,09% од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои целосно не се согласуваат не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.14 „Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година)“** 75,0% од родителите целосно се согласуваат, 25,0% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.15 „Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете“** 64,28% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.16 „Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет“** 53,57% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, а 10,7% од родителите не знаат или немаат информација. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Коефициентот на континуитет на успехот се користи за да се види колку учениците го задржале својот успех во различни временски периоди. Од двете претходни последователни години, коефициентот на континуитет на успехот пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината изнесува:<br>За 2023/2024 К=0,94<br>За 2024/2025 К=0,93<br>што значи опаѓање за 0,01 на ниво на цело училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Стручната служба прави анализа на успех за секое полугодие и крај на учебната година за секој ученик поединечно и на ниво на училиште изразено во проценти која подоцна служи за споредување на резултатите од претходните генерации.<br>Учениците и родителите редовно добиваат повратна усна и писмена информација за постигнатиот успех од страна на наставниците. Заедно дискутираат за постигнувањата на учениците како и за нивниот индивидуален напредок. Наставниците добиените резултати од оценувањето ги користат како патоказ за покреативно планирање на наставата и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.<br><br>Од интервјуто со стручната служба и директорот се доби информација дека информациите од оценувањето се користат во наставата за планирање на наредните активности, односно доколку некоја наставна содржина им е потешко сфатлива на учениците се обработува повеќе часови, па потоа се преминува на следна содржина, а ако е полесна побрзо се обработува. Исто така информациите од оценувањето користат за да се идентификуваат ученици кои се напредни во наставниот материјал и оние ученици кои имаат потешкотии и заостануваат во наставниот материјал. Кога оцените се слаби се организира советување на родители, а најдобрите ученици се наградуваат со пофалници.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.10 „Кон учениците се однесувам со почитување“** 100% од наставниците целосно се согласуваат, нема наставници кои се согласуваат со ова тврдење, не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.11 „Ги разбирам проблемите и потребите на учениците“** 87,5% од наставниците целосно се согласуваат, а 12,5% се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.17 „На учениците им кажувам што добро научиле а што дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања“** 93,75% од наставниците целосно се согласуваат, а 6,25% се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.17 „На учениците им кажувам што добро научиле а што дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања“** 93,75% од наставниците целосно се согласуваат, а 6,25% се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.13 „Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи“** 64,28% од родителите целосно се согласуваат, а 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација. |
| Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Годишна програма за работа; програми за воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Во училиштето се реализираат воннаставни активности и тоа подеднакво и во одделенска и во предметна настава по различни наставни предмети. Во повеќе воннаставни активности учествуваат сите ученици, а во секциите учествуваат ученици кои имаат желба, интерес и наклонетост кон одредениот наставен предмет што ги одразува потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо – емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој.<br>Воннаставни активности се реализираат преку разни акции во училиштето или во заедницата, проекти, излети и екскурзии, еднократни работилници и следните секции: литературно – рецитаторска секција, музичка секција, ликовна секција, секција на млади математичари и физичари, јазична секција, секција по биологија и хемија, секција по екологија, спортски активности, секција по географија и историја и по други наставни предмети. Во сите нив подеднакво учествуваат и машките и женските ученици, во зависност од нивната желба.<br>Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете е вклучено во воннаставните активности во училиштето. Поради тоа што наставата се одвива само на македонски јазик, нема можност за активности со ученици кои учат на друг јазик. |

| | | |
|---|---|---|
| список на ученици вклучени во вонаставни активности; увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн.; акциски план за правата на детето. | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.12 „Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор“** 68,75% од наставниците целосно се согласуваат, 25,0% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 6,25% не се согласуваат, нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на **тврдењето 1.17 „Во училиштето имам избор на различни вонаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции)“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 9,09% не се согласуваат, а 4,55% од учениците не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.17 „Училиштето нуди избор за различни вон–наставни активности (клубови, проекти и сл.)“** 39,28% од родителите целосно се согласуваат, а 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 3,57% целосно не се согласуваат, а 21,43% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **1.18 „Моето дете е вклучено во вон–наставни активности, според сопствениот интерес“** 46,43% од родителите целосно се согласуваат, 17,86% од родителите се согласуваат, 3,57% целосно не се согласуваат, а 32,14% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека во училиштето се спроведуваат повеќе вонаставни активности: краткотрајни вонаставни активности (излети и екскурзии, еднократни работилници, акции во училиштето или заедницата, Еко активности, одбележување на значајни денови) и подолготрајни активности (секции/клубови). Учениците се вклучени според своите желби и интереси, а некои активности се реализираат со сите ученици. Сите ученици имаат подеднаква можност да се вклучат во реализирање на вонаставни активности, а во планирањето на вонаставни активности се вклучени оние ученици кои имаат интерес за одредени теми.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека целиот наставен кадар и сите ученици се вклучени во вонаставните активности, а во планирање на вонаставните активности се вклучуваат ученици за време на еколошки акции. |

| | | |
|---|---|---|
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Во спроведувањето на воннаставните активности од сите области, вклучени се подеднакво сите ученици. Најважно е да имаат желба и интерес за разни активности и дружење. Учениците се тие кои си помагаат меѓусебно, со цел за поголемо дружење меѓу нив. Со тоа, успешно се надоградуваат и ги изразуваат своите способности на најубав можен начин.<br>Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор. Во училиштето редовно се реализираат воннаставни активности за кои наставниците имаат изготвено програми. Соодветно ја евидентираат реализацијата и постигањата на учениците. Во истите застапени се деца без оглед на половата и социо–економската припадност. Преку воннаставните активности меѓу учениците се развива дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините и се афирмира училиштето.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **1.22 „Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците“** 31,25% од наставниците целосно се согласуваат, 56,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 6,25 % не се согласуваат, а 6,25% од наставниците целосно не се согласуваат со тврдењето и нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.18 „Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор“** 77,27% од учениците целосно се согласуваат, 22,73% од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.19 „Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 13,64% не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Натпревари | Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации, ликовни изложби, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Тие имаат освоено значителен број награди (пофалници, дипломи, признанија). |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека учениците учествуваат во повеќе натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Секој наставник определува ученици кои можат да учествуваат на натпреварите. Околу половина од учениците учествуваат на натпревари и се бираат оние ученици кои имаат интерес и постигаат најдобри резултати на училишни тестирања.<br><br>**Од фокус групата со наставниците се** доби информација дека околу 20% од учениците учествуваат на натпревари, а вообичаено учениците учествуваат на натпревари според постигањата и интересите.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.6 „Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари“** 54,54% од учениците целосно се согласуваат, 36,36% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% од учениците целосно не се согласуваат, а 4,55% од ученици не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **1.7 „Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 13,64% од учениците целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

***Подрачје 1: Планирање, настава и учење***

| Опис/резиме на подрачјето |
|---|
| Наставниците ги реализираат Наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО и изготвуваа годишни планирања за сите наставни предмети и ги запознаваат учениците и родителите со содржините од наставните подрачја. Сите наставни часови се реализирани од страна на наставниците, кои пак користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, како и различни ресурси за учење и настава и материјали за ученици со посебни образовни потреби (по потреба) или потешкотии најчесто ги разменуваа информациите со други наставници пренесувајќи искуства и добри практики. Во училиштето се реализираат и дополнителни и додатни часови, како и воннаставни активности со различен карактер кои им се достапни на сите ученици со различни способности подеднакво и на учениците од машки пол и на учениците од женски пол.<br>Наставниците кон учениците се однесуваат со почитување, имаат разбирање кон нивните проблеми и индивидуални потреби и така ги приспособуваат задачите и активностите на часовите. При поучувањето наставниците користат различни ресурси за учење и настава. Учениците редовно се пофалуваат за постигнатите резултати и вложениот труд, и постојано се запознаваат со материјалот кој што треба да го знаат и умеат за секоја од оценките. Навремено добиваат насоки како поуспешно да учат, но и за она што добро научиле, а што дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања. Во текот на наставата учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор.<br>Во почетокот на учебната година училиштето нуди слободни изборни предмети од кои учениците бираат по еден за полугодие, односно по два предмета кои ќе ги изучуваат во текот на учебната година.<br>Во училиштето успешно се реализираат едукативни работилници, презентации и предавања од страна на Стручната служба, преку кои се разгледуваат разни теми и преку кои учениците имаат можност да се запознаат со општествените и социјалните проблеми кои ги носи современиот начин на живот, како и зголемена можност за личен и социјален развој и активности од МИМО инкорпорирани во други наставни содржини бидејќи во училиштето учат ученици исклучиво од македонска националност.<br>Учениците користат различни материјали и извори за учење, активно се вклучуваат во наставата и доколку нешто не им е јасно на часовите можат слободно да ги прашаат наставниците. За секоја добиена оцена наставниците навремено ги известуваат учениците и користат различни начини за проверка на знаењата (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). Тие се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН во три развојни периоди, а наставниците имаат усогласени критериуми за оценување со кои родителите навремено се запознаваат преку родителски средби, е – дневник, евидентни листови и Советот на родители. Училиштето го чувствуваат како безбедна и мотивирачка средина во која секој ученик може слободно да се изрази за време на часовите.<br>Училиштето има пропишано Протокол за постапка и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување со цел соодветна заштита на ученикот кој е засегнат, да се избегне стигматизација и да се задржи пристапот ориентиран кон поддршка и за ученикот – жртва и за ученикот – сторител. А стручната служба и наставниците преземаат активности за задоволување на индивидуалните потреби и отстранување на пречките во учењето и однесувањето на учениците. |

**Силни страни**

- **Подеднакво вклучување во воннаставните активности на учениците од двата пола;**
- **Учениците редовно се информирани за нивните постигања;**
- **Родителите имаат можност да се информираат за успехот и напредокот на своите деца во секое време;**
- **Учениците од нашето училиште учествуваат на голем број акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати.**

**Слаби страни**

- **При планирањето на воннаставни активности наставниците не ги вклучуваат учениците;**
- **Постои незадоволство кај некои ученици во однос на праведноста при оцнувањето;**
- **Сите родители не се подеднакво заинтересирани да се запознаат со наставните планови и програми и за вклучување во активностите во училиштето;**
- **Мал интерес кај учениците за личниот напредок при формативното оценување во текот на годината;**
- **Недоволната контрола и вклучување на некои родители во ангажираноста на учениците во домашните ученички задолженија и рационалното користење на слободното време.**

**Приоритети**

- **Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности во училиштето;**
- **Поголема мотивација на родителите да се запознаат со наставните планови и програми и за вклучување на поголем број родители во активностите во училиштето;**
- **Давање мотивирачка повратна информација на учениците за подобрување на личниот напредок при формативното оценување во текот на годината;**
- **Поттикнување на интересот кај родителите за континуирано следење на училишниот напредок на своите деца (контрола во извршување на домашните задачи, следење на социјализацијата на своите деца и правилно користење на слободното време).**

***Самоевалуација на училиштето: ООУ „Никола Петров - Русински“, Русиново*** ***Подрачје 2: Постигања на учениците***

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Мерки за подобрување на постигањата |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 2.1 Постигања на учениците | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Е-дневник; записници од родителски состаноци;<br>*Анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди и акциски план за подобрување;<br>*Анализи на резултати од екстерни тестирања;<br>*Анкети со ученици, наставници, родители;<br>*Интервјуа со стручни | Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | За постигнувањата на учениците, училиштето води целосна и уредна евиденција за секој ученик/ученичка по сите наставни предмети. Постигнувањата на учениците се евидентираат во е-дневникот по сите предмети, за редовната настава, но и за дополнителната и додатната настава. Од тука се добиваат информации и за оние ученици кои послабо напредуваат, па за нив се организира дополнителна настава, а за учениците кои постигнуваат повисоки резултати се организира додатна настава. При оценувањето се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.<br>Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување за постигнувањата на учениците: Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки; учениците од IV до VI одделение се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII до IX одделение се оценуваат со бројчани оценки.<br>Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од основно во средно образование.<br>Наставниците и стручната служба редовно изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на одделение, според податоците добиени од одделенските и класните раководители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение, се разгледува на Советите на одделенските наставници, Советите на предметните наставници и Наставничките совети, со родителите на Родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноците на Советот на родители. Евиденцијата за напредокот на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одделенскиот час, а родителите за постигнувањата на нивните деца се информираат усно, на индивидуални средби со одделенскиот раководител и предметните наставници и писмено, преку извештаите и евидентните |

| | | |
|---|---|---|
| соработници, директор. | | листови што им се даваат на учениците по секое тримесечје, полугодие и свидетелствата на крајот на учебната година. Во текот на целата учебна година и родителите имаат увид во постигањето на учениците преку електронскиот дневник, е – пошта и другите можности за размена на информации како и на приемните денови на наставниците и отворените денови за родителите.<br>Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето, кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето материјали за учење. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и училишниот психолог и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на проблемите.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди, така што училишниот педагог изготвува статистички извештај со податоци за успехот за полугодие и за крај на учебна година, а за тримесечјата прави анализа на успехот на ниво на училиште. Податоците од анализите покажуваат дека нема големи отстапувања во успехот на учениците во квалификационите периоди, односно дека секоја година на крајот на учебната година успехот е поголем во споредба со успехот на полугодие. По анализата на успехот во овие две учебни години не е забележан случај на ниски постигања по некој предмет, а доколку некои ученици имаат повеќе слаби оцени се организира дополнителна настава и советување на родители.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **2.3 „Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети“** 50,0% од наставниците целосно се согласуваат, 18,75% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 25,0% не се согласуваат со тврдењето, а 6,25% од наставници не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **2.1 „Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште“** 81,81% од учениците целосно се согласуваат, 13,64% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% од учениците целосно не се согласуваат и нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Во училиштето во последните две учебни години не се спроведени екстерни тестирања. |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Во училиштето се идентификуваат надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби и постојано се следи нивниот напредок.<br>Проценка на надарените и талентирани ученици се врши според Скала за процена на карактеристиките на однесувањето на супериорните ученици, и со овие ученици наставниците работат континуирано во целата учебна година со мотивирање и вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби.<br>За надарените ученици секој наставник реализира додатна настава. Оваа група на ученици се вклучува и во училишните, општинските, републичките и меѓународните натпревари и конкурси. За таа цел, во училиштето се изработува Програма за работа со талентирани и надарени ученици која овозможува поголема вклученост на учениците и активно учество на конкурси, манифестации и натпревари.<br>Наставниците применуваат различни методи на поучување и учење со цел да се задоволат индивидуалните потребите на децата со различни способности.<br>Идентификување на ученици со попреченост се врши при упис на ученици во прво одделение, како и на почетокот на воспитно – образовниот процес од страна на Комисијата за упис на учениците. Наставниците и стручната служба континуирано соработуваат со родителите на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост со цел да се зголеми индивидуалниот напредок и развој на секој ученик.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека идентификација на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост се врши преку увид во досиејата на учениците запишани во I одделение и консултации со родители, наставници и раководители на паралелките. Учениците добиваат поддршка за подобрување на постигањата преку диференциран пристап од страна на наставниците, дополнителна настава, спроведување активности за поддршка од страна на стручните соработници и вклучување на родителите. За надарените ученици се организира додатна настава.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **2.1 „Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето“** 62,5% од наставниците целосно се согласуваат, а 37,5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **2.2. „Успевам да ги идентификувам надарените ученици“** 81,25% од наставниците целосно се согласуваат, 18,75% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето редовно прибира информации за постигањата на учениците и за тоа ги известува нивните родители/старатели.<br>Во текот на целата учебна година со пристап во е – дневникот секој родител може лесно да биде информиран за напредокот и редовноста на своето дете. Освен од електронскиот дневник, известувањето тече и преку смс-пораки, електронска пошта, отворените денови за родителите и родителските средби.<br>За учениците кои нередовно посетуваат настава, имаат три или повеќе слаби оцени и несоодветно се однесуваат за време на престојот во училиштето, внимателно се следи нивниот успех и однесување од страна на наставниците и стручната служба и по потреба се изрекуваат педагошки мерки и советување на родители/старатели.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека редовно добиваат информации за успехот и поведението на своето дете од одделенските раководители и наставниците, а имаат можност да се информираат и преку е – дневникот. Нивните деца се задоволни од училиштето и повеќето деца сакаат да одат на училиште.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **2.1 „Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште“** 81,81% од учениците целосно се согласуваат, 13,64% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% од учениците целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со | Училиштето ги идентификува надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби и систематски го следи нивниот напредок.<br>Со надарените и талентираните ученици наставниците работат континуирано во целата учебна година со мотивирање и задавање на обврски за време на часовите, за домашна работа, вклучување во различни проекти кои одговараат на нивните интелектуални способности, интереси и потреби. За надарените ученици секој наставник реализира додатна настава.<br>Наставниците применуваат различни методи на поучување и учење со цел да се задоволат потребите на децата со различни способности. Одговорни лица за работа со талентирани и надарени |

| | | |
|---|---|---|
| | попреченост | ученици се одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко – психолошката служба. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Родителите/старателите постојано се известуваат за постигањето на учениците. Тоа вклучува редовно прибирање информации за напредокот на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оцената, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно. Во текот на целата учебна година со пристап во е – дневникот секој родител може лесно да биде информиран за напредокот и редовноста на своето дете.<br><br>**Од фокус групата со родителите** се доби информација дека се задоволни од информациите кои ги добиваат од страна на училиштето за нивното дете. Родителите добиваат информации за успехот и поведението на своето дете од одделенските раководители и наставниците, а имаат можност да се информираат и преку е – дневникот. Добиваат совети за подобрување на успехот од одделенските раководители и стручната служба. |
| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Записници од советувања на родители/старатели и ученици;<br>*Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>*Е-дневник; извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата. | Редовност во наставата | Училиштето системски ја следи редовноста на учениците според пол, во првото тримесечије, на полугодието, на второ тримесечије и на крајот на година и ги анализира причините за отсуство од наставата (и неоправдано и оправдано). Училиштето соработува со родителите и локалната самоуправа за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од 5 по ученик и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување во однос на претходните учебни години.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека учениците имаат примерно поведение и се редовни на училиште. За учениците кои се нередовни од оправдани причини, поради болест или контрола, наставниците не им ставаат изостаноци, а за оние кои подолго отсуствуваат им праќаат задачи за работа дома. Неоправданата нередовност е многу ретка во училиштето.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **2.3 „Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете“** 64,28% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат, нема родители кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат, и не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | Советување на родители/старатели и ученици | Доколку се соочат со било каков проблем на училиште, учениците имаат можност за разговор и поддршка од стручните соработници. Учениците се навремено и целосно информирани за новостите кои се во нивен непосреден интерес и нивното мислење се зема предвид во носењето на заедничките одлуки. Во училиштето и самите ученици имаат можност да партиципираат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Ваквите активности учениците особено ги реализираат на состаноците на Ученичкиот парламент.<br>Стручната служба остварува индивидуални и групни советувања како и консултации со родителите и континуирано дава поддршка на наставниците за поуспешна работа со ученици со различни карактеристики и потреби. Стручната служба има клучна улога како линк помеѓу наставник-ученик-родител. За учениците кои покажуваат слаб успех, проблеми со редовност и дисциплина, училишниот психолог редовно организира советување за учениците се со цел подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на часовите и во училиштето.<br>Стручната служба организира индивидуална и групна работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето, емоционални потешкотии, несоодветно однесување и ученици кои послабо напредуваат во учењето, како и работилници со паралелки за различни теми според потребите.<br>Стручните соработници даваат информации и спроведува активности за професионална ориентација и правилен избор на идното занимање на учениците и организира промоција и претставување на средните училишта пред учениците од деветто одделение.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека советувањето на родители и ученици го спроведува училишниот психолог по потреба. Затоа што сите ученици се со примерно поведение и редовни се на училиште, советување се организира за оние ученици кои имаат слаби оцени или за оние ученици кои манифестираат несоодветно однесување за време на престојот во училиштето. По советувањето и со родители и со ученици ефективно се подобрува и успехот и однесувањето на учениците.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **2.2 „Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех“** 77,27% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% од учениците не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **2.1 „Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете“** 64,28% од родителите целосно се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема родители кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат и родители кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **2.2 „Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете“** 50,0% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 3,57% од родителите не се согласуваат со тврдењето, 3,57 целосно не се согласуваат, а 7,14% не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Наставниците во текот на целата учебна година реализираат дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.<br>Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител/старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно потребите на учениците.<br>Одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот/старателот на детето за потребата од посета на ученикот на дополнителна настава. Секој наставник во своите планирања има програма за додатна и дополнителна настава. Дополнителната настава се реализира преку утврден распоред на  наставни часови. Распоредот на часови се истакнува на огласните табли во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат. Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето како и на надарените ученици избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека дополнителната и додатната настава се организира според изготвување на месечен распоред а во согласност со потребите на учениците. За дополнителна и додатна настава се изготвува претходно утврден распоред по предмети и одделенија. Наставниците определуваат ученици кои треба да посетуваа дополнителна и додатна настава (според тоа дали им треба дополнителна помош да ги совладаат неопходните наставни содржини – дополнителна настава, или ги совладале содржините од редовната настава и можат да ги прошируваат своите знаења по определени предмети – додатна настава) и ги известуваат родителите за термините за одржување на часовите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Од фокус групата со родители** се доби информација дека училиштето обезбедува дополнителна настава за подобрување на постигањата/успехот, меѓутоа сметаат и дека на нивните деца им е потребна помош по завршување на наставата за учење и постигнување на очекуваните резултати, па некои деца посетуваат курсеви.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **2.4 „На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето“** 56,25% од наставниците целосно се согласуваат, 37,5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а 6,25% од наставници не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **2.4 „На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа“** 75,0% од родителите целосно се согласуваат, 17,86% од родителите се согласуваат со ова тврдење, а 7,14% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **2.3 „Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава“** 50,0% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 9,09% не се согласуваат со тврдењето, 13,64% од учениците целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **2.4 „Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, а 13,64% не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **2.5 „Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови“** 54,55% од учениците целосно се согласуваат, 31,81% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 9,09% не се согласуваат со тврдењето и 4,55% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

***Подрачје 2: Постигања на учениците***

| Опис/резиме на подрачјето<br><br>За постигањата на учениците, училиштето води целосна и уредна евиденција за секој ученик/ученичка за сите квалификациони периоди, по сите предмети и за додатна и за дополнителна настава. А напредокот на секој ученик е следен од стручната служба кој соработува со наставниците и помага во изготвување на материјали за учење, при што успешно се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето како и надарените ученици и ученици со попреченост. За учениците кои недоволно го совладале материјалот се организира дополнителна настава, а за оние ученици кои напредуваат во материјалот и имаат капацитет за повеќе знаење и за оние ученици кои сакаат да учествуваат на натпревари се организира додатна настава според претходно утврден распоред.<br>Сите ученици во училиштето имаат примерно поведение, редовни се во наставата, освен оние ученици кои од оправдани причини или здравствени проблеми подолг период не посетувале настава, за нив училиштето обезбедува реализација на настава преку користење на алатки и ресурси за онлајн настава (настава од далечина).<br>Една од најзначајните предности на училиштето е утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како ќе се известуваат за успехот и поведението учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми. |
|---|
| Јаки страни<br><br>• **Вклученост на голем број ученици во вонаставните активности;**<br>• **Следење на напредокот на учениците во споредба со претходниот период на проверување и оценување;**<br>• **Се применуваат стандардите за оценување на постигањата на учениците;**<br>• **Редовноста на учениците на настава е на високо ниво.** |
| Слаби страни<br><br>• **Има потреба да се подобри ефикасноста на реализацијата на дополнителната настава, иако училиштето има распоред за реализација на дополнителна настава.** |
| Приоритети<br><br>• **Вклучување на учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на дополнителната настава според нивните потреби.** |

***Самоевалуација на училиштето: ООУ „Никола Петров - Русински“, Русиново***
***Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето***

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Кодекс на однесување;<br>*Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинци, родителите/старателите и со учениците;<br>*Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>*Статут на училиштето; куќен ред на училиштето;<br>*Пофалби, награди, признанија и др.; | Углед/имиџ на училиштето | Во училиштето се забележува една општа тенденција кон заемно почитување и соработка. Вработените се стремат кон тимска работа градејќи професионален став кон основната цел – едукација на младите. Училиштето има углед/имиџ и од постигнувањето високи резултати на натпревари, како и од манифестациите кои се организираат по разни поводи и мандолинскиот оркестар кој учествува на разни општински и регионални настани. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има изработено Кодекс на однесување усвоен од Училишниот одбор. Родителите и учениците се запознаени со Кодексот на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите).<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека Кодексот на однесување на училиштето е донесен 2010 година од страна на Училишниот одбор. Во процесот учествувал директорот, Наставничкиот совет и Училишниот одбор. Досега не е направено ажурирање на Кодексот. Најголем број чинители се придржуваат на поставените правила, а за оние кои не ги почитуваат нема последици.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на **тврдењето 3.1 „Имам учествувано во изработка/ажурирање на кодексот за однесување во училиштето“** 25,0% од наставниците целосно се согласуваат, 50,0% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 6,25% не се |

| | | |
|---|---|---|
| *Написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br>*Решение за формирање ученички парламент и избор на ученик<br>*Правобранител;<br>*Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>*Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | | согласуваат, 12,5% целосно не се согласуваат а 6,25% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.2 „Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување“** 31,25% од наставниците целосно се согласуваат, 31,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 25,0% не се согласуваат, 6,25% целосно не се согласуваат, а 6,25% од наставниците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.1 „Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето“** 64,29% од родителите целосно се согласуваат, 25,0% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 3,57% целосно не се согласуваат, а 7,14% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.2 „Имам можност да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување“** 64,29% од родителите целосно се согласуваат, 21,43% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 3,57% целосно не се согласуваат, а 10,71% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Училишна клима | Во училиштето постои задоволителна училишна клима, клима на взаемно почитување, рамноправен третман меѓу структурите во училиштето, а и постои професионална соработка меѓу вработените.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека училиштето генерално има задоволителна клима. Има соработка меѓу кадарот и меѓу наставниците во рамки на Стручните активи. Од страна на поединци има провокации кон одредени колеги но не се постапува по нив и затоа продолжуваат. Понекогаш има провокации и навреди и меѓу учениците, но секогаш се реагира од страна на наставниците и стручната служба со разговор со учениците а по потреба и со родители. Средината е поттикнувачка за учениците бидејќи се спроведуваат активности во кои се вклучуваат сите ученици, а исто така и амбиентот придонесува за поттикнување на учениците.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека наставниците соработуваат на повеќе нивоа:<br>- Соработка во стручни активи;<br>- Соработка меѓу наставници од одделенска и предметна настава, |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Соработка со раководниот орган;<br>Наставниците исто така истакнаа дека не постојат случаи на закани и провокации (помеѓу воспитно – образовниот кадар, учениците и раководството).<br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.3 „Атмосверата во училиштето е позитивна и поттикнувачка“** 25,0% од наставниците целосно се согласуваат, 50,0% од наставниците се согласуваат, 12,5% не се согласуваат, а 12,5% целосно не се согласуваат со ова тврдење и нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.5 „Добро соработувам со колегите во училиштето“** 31,25% од наставниците целосно се согласуваат, 31,25% од наставниците се согласуваат, 25,0% не се согласуваат, а 12,5% целосно не се согласуваат со ова тврдење и нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Вработените во училиштето водат грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата и одморите. Дежурните наставници и стручни соработници ја следат дисциплината и однесувањето на учениците за време на големиот одмор кога учениците појадуваат во училишната трпезарија и на другите одмори меѓу часовите. За време на наставата и воннаставните активности има работна атмосфера.<br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека постои добра работна дисциплина и за време на часовите и надвор од часовите.<br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека дисциплината е добра на најголем дел од часовите, но понекогаш некои ученици ја попречуваат наставата.<br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.4 „За време на моите часови има добра работна атмосфера“** 81,25% од наставниците целосно се согласуваат, 6,25 % од наставниците се согласуваат со тврдење, 12,5 % не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.6 „Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 22,72% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, а 4,55% целосно не се согласуваат со тврдењето нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.7 „Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето“** 77,27% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, а 4,55% целосно не се согласуваат со тврдењето нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.8 „Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици“** 72,73% од учениците целосно се согласуваат, 22,72% од учениците се согласуваат, 4,55% не се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.6 „Училиштето добро се справува со дисциплината“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 21,43% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 3,57% не се согласуваат, а 3,57% целосно не се согласуваат, нема родители кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците од училиштето се вклучени во донесување на одлуки и навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес. Овие активности учениците ги реализираат преку состаноците на Ученичкиот парламент, ученичката заедница како и на часовите на одделенска заедница. Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека Ученичкиот парламент работи според однапред утврдена програма. Ученичкиот парламент ги опфаќа учениците од I до IX одделение а на состаноците присуствуваат само претседателите и заменик претседателите од сите одделнија. Раководното тело е избрано на демократски начин со јасни критериуми и тајно гласање. Со мнозинство на освоени гласови истото е активно во застапување на интересите на учениците. Ова е јасен индикатор дека во училиштето активно и целисходно работи Ученичкиот парламент, а во работата е вклучен и ученички правобранител и негов заменик кој ги застапува правата на сите ученици во училиштето. Од состаноците се водат записници, а во последните две учебни години Ученичкиот парламент одржал 16 состаноци. Детската организација ги опфаќа сите ученици, а учениците од I одделение на почеток на секоја нова учебна година со пригодна прослава под мото определено од Сојузот за грижа и воспитување на децата на Македонија се примаат во Детската организација.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека Ученичкиот парламент има своја Програма за работа, а Ученичкиот правобранител се грижи за правата на учениците. Членовите на |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ученичкиот парламент учествуваат во одбележување на значајни денови, организација на пригодна прослава за Детската недела, Патронниот празник, Новогодишните и Божиќните празници и други активности. Двајца членови избрани по пат на тајно гласање од Ученичкиот парламент учествуваат во работата на Училишниот одбор без право на глас на состаноци на кои има точки кои се однесуваат за учениците. Во последните две години нема ученици кои се обратиле до Ученичкиот правобранител.<br><br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека знаат дека има Ученички парламент и досега имале состанок за избор на претседател. Но не се спроведувани други активности, а по повод Нова Година ќе има активности.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.8 „Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес“** 62,5% од наставниците целосно се согласуваат, 31,25 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а 6,25% не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.10 „Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици“** 72,73% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.11 „Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55 од учениците не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Анкета и разговори со | Познавање и почитување на | Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно |

| | | |
|---|---|---|
| ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба;<br>*Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>*Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување);<br>*Структура на паралелките; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција;<br>*Дневник за работа на стручните соработници;<br>*Оперативен план за наставен час;<br>*Записници од наставнички совет;<br>*Критериуми и | правата на децата | нарушување. На одделенските часови се практикуваат работилници во кои учениците се запознаваат со своите права и обврски прилагодени на возраста на учениците. Стручната служба исто така спроведува работилници преку кои ги запознаваат учениците со Конвенцијата за правата на децата, а се одбележува и 10 Декември Меѓународен ден на човековите права и 20 ноември Светски ден за правата на детето.<br>Учениците преку Ученичкиот парламент чиј координатор е училишниот психолог дискутираат, разговараат, дебатираат за актуелните активности и проблеми на кои наидуваат во текот на реализација на наставата, во учењето, во меѓуврсничките релации и поставуваат барања за заедничко разрешување на тие проблеми.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека за запознавање и почитување на правата на децата училиштето секоја година спроведува повеќе активности во рамките на Детската недела, работилници на теми поврзани со почитување на детските права, промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици, одбележување на 20 ноември Светски ден за правата на детето, 3 декември меѓународен ден на лицата со попреченост, 10 Декември Меѓународен ден на човековите права, 28 февруари меѓународен ден на децата со ретки болести. За превенција и заштита од насилство се спроведуваат различни работилници од страна на одделенските раководители и стручната служба. Ефектите од ваквите активности се постепени, потребно е повеќе време и спроведување на повеќе активности за да се видат позабележителни ефекти. Нема случаи на дискриминација и стереотипизирање, а се вклучени и ученици од маргинализирани/ранливи категории. Преку ваквите активности учениците се запознаваат со различностите.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека за запознавање на учениците со почитувањето на правата на децата треба поголемо актуализирање на проблемите, вклученост на стручни служби, вклучување на родителите со цел надминување и благовремено решавање на проблемите.<br><br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека се почитуваат правата на децата/учениците.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.9 „Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на учениците“** 31,25% од наставниците целосно се согласуваат, 31,25 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, а 37,5% не се |

| | | |
|---|---|---|
| процедури за избор на ученик на генерација. | | согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.10 „На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето“** 37,5% од наставниците целосно се согласуваат, 62,5 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.12 „Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 31,81% од учениците се согласуваат, 4,55% не се согласуваат, 4,55% од учениците целосно не се согласуваат, и нема ученици ко не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.7 „Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 10,72% од родителите се согласуваат, 3,57% не се согласуваат, 7,14% целосно не се согласуваат, а 7,14% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Сите ученици од училиштето имаат еднаков и правичен третман независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.<br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. С. Македонија. Со најразличните интеркултурни работилници се јакне и интеркултурализмот, интегрирано во содржини од разни предмети кои одговараат.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека во училиштето наставниците подеднакво ги вклучува сите деца (оние кои се заинтересирани) и машките и женските ученици, а и ученици од социјално ранливи категории. Некои наставници обезбедуваат еднакви |

| | | |
|---|---|---|
| | | можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. Во училиштето нема категоризирани ученици со ПОП, но има ученици со потешкотии за кои некои наставници применуваат различен приод и подготвуваат прилагодени задачи.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.11 „Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман“** 68,75% од наставниците целосно се согласуваат, а 31,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои се согласуваат, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.12 „Различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучувам во училишните активности“** 68,75% од наставниците целосно се согласуваат, а 31,25% од наставниците се согласуваат, нема наставници кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.2 „Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици“** 50,0% од учениците целосно се согласуваат, 40,91% од учениците се согласуваат, 9,09% не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.3 „Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 36,36% од учениците се согласуваат, 4,55% целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.4 „Сакам да одам на училиште“** 54,55% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат, 9,09% не се согласуваат, 9,09% целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.9 „Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 27,27% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.3 „Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците“** 78,57% од родителите целосно се согласуваат, 14,29% од родителите се согласуваат, 3,57% целосно не се согласуваат, а 3,57% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.4 „Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 17,86% од родителите се согласуваат, 7,14% целосно не се согласуваат, 3,57% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.5 „Моето дете сака да оди на училиште“** 57,14% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат со ова тврдење, а 7,14% целосно не се согласуваат, нема родители кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.8 „Моето дете во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици“** 71,43% од родителите целосно се согласуваат, 25,0% од родителите се согласуваат со ова тврдење, а 3,57% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.9 „Моето дете е оценувано според истите критериуми како и другите ученици“** 64,29% од родителите целосно се согласуваат, 32,14% од родителите се согласуваат со ова тврдење, а 3,57% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.10 „Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на пол, етничка припадност, религиска припадност или друго“** 64,29% од родителите целосно се согласуваат, 32,14% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 3,57% целосно не се согласуваат, нема родители кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.11 „Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците“** 39,29% од родителите |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласуваат, 50,0% од родителите се согласуваат, 3,57% не се согласуваат, 7,14% од родителите не знаат или немаат информација. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| *Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); *Записници од советот на родители и родителски средби; *Анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; *Анкета/интервју со претставник на локалната заедница; *Статут на училиштето; *Интернет-страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Соработката со родителите е на највисоко ниво. Родителите се вклучени во училишниот воспитно – образовен процес на повеќе нивоа:<br>- Советот на родители<br>- Родителски средби<br>- Наставни активности и активности во и вон училиштето<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека училиштето ја поттикнува соработката со родителите преку презентации за разни воспитни ситуации подготвени од училишниот педагог за родителските средби, вклучување на родителите во подготвување на учениците за натпревари, приредби и други активности. Преку вклучување во заеднички проекти со учениците и преку Советот на родители. Родителите се вклучуваат во работата на училиштето и во донесувањето на одлуки, како и иницијативи за учество и соработка преку организирање базари, спроведување на хуманитарни акции преку Подмладокот на Црвен крст, како и работилници на најразлични теми во соработка меѓу наставници, родители и ученици.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека соработката со родителите училиштето ја поттикнува преку вклучување на родителите во отворени часови и часови за едукација, манифестации и поголема иницијативност од страна на одделенските раководители.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека училиштето ги вклучува/ги поттикнува родителите да се вклучат во активностите кои ги спроведува. При спроведените презентации на родителските средби за булинг и воспоставување дисциплина, родителите се запознаваат на кој начин можат да се вклучат во подобрување на дисциплината и однесувањето на учениците. Исто така се вклучуваат во работилници за подготвување на украси по повод празници и работилници за подготвување здрава храна. Тие сметаат дека добиваат информации за работата на училиштето од страна на Советот на родители за тоа што се расправа на состаноците, но тоа е по случаен пат, не е организирано за сите родители. Сепак се задоволни од транспарентноста. |

| | | |
|---|---|---|
| различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница;<br>*Документација за добиени спонзорства и донации. | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.13 „Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето“** 43,75% од наставниците целосно се согласуваат, 50,0% од наставниците се согласуваат, а 6,25% не се согласуваат, нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.14 „Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно – образовниот процес“** 50,0% од наставниците целосно се согласуваат, 37,5% од наставниците се согласуваат, 6,25% не се согласуваат, а 6,25% од наставниците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.12 „Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно – образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето“** 57,15% од родителите целосно се согласуваат, 28,57% од родителите се согласуваат, 3,57% не се согласуваат, а 10,71% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Соработка со општината и со заедницата | Соработката со Локалната самоуправа се остварува преку состаноци на Директорот и членови на Локалната самоуправа, преку состаноци за разгледување и решавање на тековни проблеми од интерес на училиштето во текот на целата година, усвојување на Годишната програма и Годишните извештаи за работата на училиштето, на почетокот и крајот на учебната година како и преку други активности. Исто така, соработка со Локалната самоуправа се остварува и преку аплицирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Нашето училиште учествува на конкурси, натпревари, одбележување на важни и значајни датуми кои ги организира Општината.<br><br>**Од интервјуто со директорот** се доби информација дека училиштето во локалната средина е препознатливо по индивидуалните и групните успеси на учениците, а се промовира преку веб и FB страната на училиштето, на приредби и свечени настани. Исто така училиштето се афирмира преку учениците кои завршиле во училиштето а се успешни понатаму во кариерата, натпревари, еколошки и хуманитарни акции и сл.<br><br>**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека соработката со повеќе институции се остварува преку посети и учество на манифестации на општинско ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.15 „Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата“** 18,75% од наставниците целосно се согласуваат, 50,0% од наставниците се согласуваат, 18,75% не се согласуваат со тврдењето, 6,25% од наставниците целосно не се согласуваат, а 6,25% од наставниците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа | Превенција и заштита од насилство | Се применуваат насоките за превенција и рано откривање на насилното однесување од МОН во училиштето. Училиштето има изготвено процедура за идентификување и работа со ученици кои насилно се однесуваат кон останатите соученици. Стручната служба и наставниците постојано ги набљудуваат и идентификуваат учениците кои што насилно се однесуваат за време на престојот во училиштето. При идентификувањето на учениците кои вршат насилство и разрешување на ваквото однесување во училиштето заемно соработуваат учениците, наставниците, стручната служба и родителите. Стручната служба и наставниот кадар за поуспешно справување со сите форми на насилство врз децата спроведува работилници на најразлични теми, предавања, видео презентации со учениците и наставниците.<br>Во училиштето превентивно се делува против врсничко насилство, а во случај на појава се реагира од страна на стручната служба во соработката со наставниците. Доколку има потреба училиштето се обраќа за помош и поддршка до Центарот за социјални грижи, МВР и други стручни лица и институции.<br><br>**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нема поголеми проблеми, односно нема физичко насилство, туку повеќе вербално насилство и училиштето се справува со истото преку разговори и спроведување на повеќе работилници со учениците.<br><br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека има физичко насилство во училиштето како задевање и тепачки, но не во големи размери, има и психолошко и сајбер насилство кои се состојат од погрдни зборови, прекари и навреди, но со разговори и работилници се решаваат таквите случаи.<br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.6 „Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти“** 62,5% од наставниците целосно се согласуваат, 31,25% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 6,25% |

| | | |
|---|---|---|
| на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените | | не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.7 „Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство“** 50,0% од наставниците целосно се согласуваат, 25,0% од наставниците се согласуваат, 12,5% не се согласуваат и 12,5% целосно не се согласуваат, нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.17 „Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство“** 72,73% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, 4,55% целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.16 „Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 40,91% од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема ученици кои не се согласуваат, целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетата со ученици каде можеа да дадат опис дали некој несоодветно се однесувал кон нив на училиште, учениците одговориле: „Навреди со зборови и удирање, исмејување за физички изглед од страна на соучениците“.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.13 „Запознаен/а сум училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство“** 57,15% од родителите целосно се согласуваат, 28,57% од родителите се согласуваат, а 14,28% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.14 „ Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти“** 57,15% од родителите целосно се согласуваат, 28,57% од родителите се согласуваат, а 14,28% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.15 „ Училиштето добро се справува при појава на насилство“** 46,43% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од |

| | | |
|---|---|---|
| активности за професионална ориентација. | | родителите се согласуваат, 3,57% целосно не се согласуваат, а 14,28% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Во училиштето има политика за забрана на пушење, внесување на алкохол, дистрибуција и користење наркотични средства. Во училиштето се почитува Законот за забрана на пушење и не се доаѓа во алкохолизирана состојба. Во училиштето се организираат предавања и работилници за штетноста на пушењето, конзумирањето на алкохол и последиците од користењето на дрога и други наркотични средства. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека секоја учебна година се реализираат активности со теми поврзани со заштита од пушење, алкохол и дрога како и работилници, презентации, квизови, подготвување и поделување на флаери и сл.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.16 „Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога„** 31,25% од наставниците целосно се согласуваат, 43,75% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 12,5 % не се согласуваат со тврдењето, 12,5% целосно не се согласуваат, нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.18 „Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства“** 77,27% од учениците целосно се согласуваат, 13,63% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, 4,55% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.16 „Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога“** 64,29% од родителите целосно се согласуваат, 14,29% од родителите се согласуваат, 3,57% не се согласуваат, 3,57% од родителите целосно не се согласуваат, а 14,28% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Квалитет на достапна храна | Во училиштето има училишна кујна но нема организирана храна. Учениците си носат храна од дома и на првиот голем одмор појадуваат во училишната трпезарија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетните листи родителите дополнително образложија дека сакаат да повторно се активира училишната кујна. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училишната зграда, фискултурната сала и дворот не е на високо ниво. Вработените ги почитуваат процедурите за одржување на хигиената, а кај учениците се создаваат навики за одржување на хигиената во училиштето. На часовите на одделенска заедница често се разговара за начините, превенцијата и мерките за заштита од болести во соработка со родителите, локалната заедница и со здравствени институции со цел навремена и правилна превенција од заразни болести. Вработените и учениците редовно и навремено прават систематски и санитарни прегледи.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор однос на тврдењето **3.19 „Училиштето е чисто и уредно“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат, 13,64% не се согласуваат, нема ученици кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.17 „Хигиената во училиштето е на високо ниво“** 50,0% од родителите целосно се согласуваат, 42,86% од родителите се согласуваат, 3,57% не се согласуваат со тврдењето, а 3,57% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училишниот простор е внатрешно реновиран, безбеден и пријатен за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (скалите, мебелот, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училиштето има вработени со вештини за давање прва помош, од страна на Противпожарната бригада се држат обуки за справување со пожар и еднаш до двапати во текот на учебната година се прави вежба за евакуација при елементарни непогоди, а од страна на Црвен крст се држат обуки за давање прва помош.<br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека сите ученици се чувствуваат безбедно во училиштето.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.1 „Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно“** 59,09% од учениците целосно се согласуваат, 3,81% од учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат со тврдењето, 4,55% целосно не се согласуваат, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето особено води грижа за учениците од социјално ранливите категории. Редовно се организираат хуманитарни акции кои се наменети токму за помош и поддршка на учениците на кои им е потребна.<br>Училишниот психолог учествува на состаноци од Советот за социјална заштита при Општина Берово на кои се разговара за помош и поддршка на социјално ранливи семејства.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека училиштето им помага на учениците од социјално – загрозени семејства преку финансиска помош од спроведени хуманитарни собирни акции, преку кои се собираат средства за делумно ослободување од плаќање во однос на екскурзии и други активности во училиштето. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Во училиштето се следат ученици кои имаат здравствени проблеми и им се обезбедува непречено следење на наставата преку онлајн каналот Microsoft teams. Тимската работа на стручната служба, наставникот и родителот резултира со подобрување или надминување на проблеми во наставата. Континуираната работа и поддршка на учениците како и создавање адекватни услови за работа допринесуваат овие ученици да напредуваат во воспитно образовниот процес. По потреба во зависност од потребите училиштето соработува со струни лица и институции.<br><br>**Од интервјуто со директорот** се доби информација дека за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава училиштето обезбедува реализација преку користење на алатки и ресурси за онлајн настава (настава од далечина). |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Стручната служба и наставниците водат грижа за целата добросостојба на учениците од училиштето. Постојано се спроведуваат работилници и презентации од Програмите за работа, се вршат разговори групно или индивидуално со ученици кои моментално поминуваат низ некој социјален или емоционален проблем со цел поддршка или надминување на проблемот.<br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека често учениците се обраќаат до стручната служба во ситуации кога се со проблем или потешкотија, се чувствуваат загрижени, тажни, лути, а стручните соработници преку разговор и поттикнување се обидуваат да ги ослободат од притисокот на проблемите. Се спроведуваат работилници за социо – емоционално учење на учениците на најразлични теми. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете има можност да се обрати некому кога има проблем, кај одделенскиот раководител или педагошко – психолошка служба.<br><br>**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека доколку учениците имаат проблем, се чувствуваат лути, тажни, исплашени имаат можност да се обратат кај одделенскиот раководител, наставник, стручна служба, директор. Вообичаено повеќето ученици се обраќаат на одделенските раководители.<br><br>Од анкетираните 16 наставници по однос на тврдењето **3.17 „Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите„** 56,25% од наставниците целосно се согласуваат, 25,0% од наставниците се согласуваат, 12,5 % не се согласуваат, а 6,25% од наставниците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.5 „Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми“** 54,55% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат со ова тврдење, а 22,72% целосно не се согласуваат, а 4,55% не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.13 „Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник“** 90,90% од учениците целосно се согласуваат, 4,55% од учениците се согласуваат со ова тврдење, а 4,55% целосно не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.14 „Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 22,72% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 4,55% не се согласуваат, 4,55% целосно не се согласуваат со тврдењето, нема ученици кои не знаат или немаат информација.<br>Од анкетираните 22 ученици по случаен избор по однос на тврдењето **3.15 „Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем“** 68,18% од учениците целосно се согласуваат, 18,18% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 9,09% не се согласуваат, а 4,55% не знаат или немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.18 „Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете“** 53,57% од родителите целосно се согласуваат, 35,72% од родителите се согласуваат, а 10,71% од родителите не знаат или немаат информација.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.19 „Училиштето се грижи за емоционалната состојбата на моето дете“** 57,14% од родителите целосно се согласуваат, 21,43% од родителите се согласуваат, 7,14% целосно не се согласуваат со тврдењето, а 14,29% од родителите не знаат или немаат информација. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Во училиштето континуирано се следи развојот на сите ученици како би им се помогнало во правилниот избор на нивното понатамошно образование. Во текот на учебната година стручната службата спроведува работилници за Професионална ориентација на учениците, но и индивидуално и групно разговара со учениците за важноста на правилниот избор на нивното понатамошно образование. Ги информира учениците за образовните струки на државните и приватните средни училишта, како и за потребната документација за упис во средно училиште. Училишниот психолог со учениците од деветто одделение спроведува тестови за самопроцена на способности и интереси (учениците добиваат препораки со највисоки поени од двата теста) како би можеле да направат вистински избор за нивната идна професија и да донесат одлука каде ќе го продолжат своето образование. За кариерното образование на учениците стручната служба спроведува активности и истражување на видови професии, барани професии на пазарот и сл.<br><br>**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието се организира преку денови за промоција на средните училишта на кои се поканувааат и родителите и учениците. За учениците се подготвуваат Прашалник за самопроцена на способности и Прашалник за самопроцена на интереси, а потоа добиваат Препораки со највисоки поени добиени од двата прашалника.<br><br>Од анкетираните 28 родители по случаен избор по однос на тврдењето **3.20 „Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците“** 57,14% од родителите целосно се согласуваат, 25,0% од родителите се согласуваат, 7,14% целосно не се согласуваат, а 10,72% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

***Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето***

| Опис/резиме на подрачјето<br><br>Вработените во училиштето соработуваат и заемно се стремат кон тимска работа насочена кон основната цел – едукација на младите.<br>Кодексот на однесување на училиштето е донесен и усвоен 2010 година од страна на Училишниот одбор, кој досега не е ажуриран но се почитува од сите чинители во училиштето.<br>Училишната клима во училиштето е позитивна насочена кон взаемно почитување и соработка меѓу наставниците, учениците и родителите, каде се одржува добра работна дисциплина и за време на часовите и надвор од часовите.<br>Учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање на проблеми преку Ученичкиот парламент. Двајца членови од Ученичкиот парламент учествуваат во работата на Училишниот одбор без право на глас избрани со тајно гласање. Во училиштето функционира и Ученички правобранител и негов заменик, но во последните две години нема претставки и барања доставени од страна на учениците.<br>Во училиштето се почитуваат правата на децата и се заштитуваат во случај на нивно нарушување. Стручната служба исто така спроведува работилници преку кои ги запознава учениците со Конвенцијата за правата на децата, се промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности кон учениците независно од полот, социјалното потекло или способностите. Постојано се спроведуваат работилници за превенција и заштита од насилство, заштита од алкохол, дрога и пушење и постојано се води грижа за безбедноста на учениците и вработените, како и за учениците од социјално загрозените семејства и учениците со здравствени проблеми. Но доколку некое од учениците се чувствува загрижено, луто или тажно и има потреба за разговор, секогаш може да се обрати до стручната служба, која секогаш пружа поддршка и се грижи за добрата социо – емоционална состојба на секој ученик, но и нуди помош и повратни информации при изборот на продолжување на образованието.<br>Училиштето соработува со родителите на сите нивоа, ги вклучува во активности и донесување одлуки преку Советот на родители. Родителите добиваат информации и имаат можност постојано да прават увид во постигнувањата/успехот и поведението на своите деца преку е – дневникот, смс – пораки и социјалните мрежи.<br>Училиштето исто така соработува и со локалната заедница и Општината преку разгледување на извештаи, настани, хуманитарни акции и други активности. |
|---|
| Силни страни<br><br>• **Училиштето подеднакво ги истакнува постигањата на сите ученици;**<br>• **На учениците не им пречи присуството на ученици со пречки/потешкотии во умствениот и физичкиот развој;**<br>• **Училишниот простор е безбеден за изведување настава и учениците се чувствуваат безбедно и сигурно;**<br>• **Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците, во училиштето постои соработка меѓу стручната служба, наставниците, родителите и здравниот дом и е дел од културата на училиштето.** |

| |
|---|
| Слаби страни<br><br>• **Недоволна мотивираност на сите субјекти во училиштето во создавање позитивна клима за работа и учење и поголема меѓусебна соработка и почитување.** |
| Приоритети<br><br>• **Преземање мерки за мотивирање на сите субјекти во училиштето за создавање позитивна клима за работа и учење и поголема меѓусебна соработка и почитување.** |

***Самоевалуација на училиштето: ООУ „Никола Петров - Русински“, Русиново***
***Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики***

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, | Управување со училиштето | Училишниот одбор работи на состаноци од кои се водат записници, а кои ги свикува Претседателот на УО во рок предвиден во согласност со Деловникот за работа на УО и потребата на училиштето. Во Деловникот за работа на УО е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од поединечните структури во УО (освен во случаи на најавено отсуство). Во текот на своето работење од уредно водените записници на секој од состаноците е констатирана континуирана редовност на членовите претставници, така што одлуките се носени со мнозинство гласови од вкупниот број членови на УО. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални, сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно – образовниот процес. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на Училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br><br>**Од интервјуто со директорот** се доби информација дека соработката на директорот на училиштето и Училишниот одбор е добра. |

| | | |
|---|---|---|
**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека постои добра работна дисциплина и за време на часовите и надвор од часовите.

**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека Ученичкиот парламент има своја Програма за работа, а Ученичкиот правобранител се грижи за правата на учениците. Членовите на Ученичкиот парламент учествуваат во одбележување на значајни денови, организација на пригодна прослава за Детската недела, Патронниот празник, Новогодишните и Божиќните празници и други активности. Двајца членови избрани по пат на тајно гласање од Ученичкиот парламент учествуваат во работата на Училишниот одбор без право на глас на состаноци на кои има точки кои се однесуваат за учениците. Во последните две години нема ученици кои се обратиле до Ученичкиот правобранител.

**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека за запознавање и почитување на правата на децата училиштето секоја година спроведува повеќе активности во рамките на Детската недела, работилници на теми поврзани со почитување на детските права, промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици, одбележување на 20 ноември Светски ден за правата на детето, 3 декември меѓународен ден на лицата со попреченост, 10 Декември Меѓународен ден на човековите права, 28 февруари меѓународен ден на децата со ретки болести. За превенција и заштита од насилство се спроведуваат различни работилници од страна на одделенските раководители и стручната служба. Ефектите од ваквите активности се постепени, потребно е повеќе време и спроведување на повеќе активности за да се видат позабележителни ефекти. Нема случаи на дискриминација и стереотипизирање, а се вклучени и ученици од маргинализирани/ранливи категории. Преку ваквите активности учениците се запознаваат со различностите.

**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека во училиштето наставниците подеднакво ги вклучува сите деца (оние кои се заинтересирани) и машките и женските ученици, а и ученици од социјално ранливи категории. Некои наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови. Во училиштето нема категоризирани ученици со ПОП, но има ученици со потешкотии за кои некои наставници применуваат различен приод и подготвуваат прилагодени задачи.

**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека училиштето ја поттикнува соработката со родителите преку презентации за разни воспитни ситуации подготвени од училишниот педагог за родителските средби, вклучување на родителите во подготвување на учениците за натпревари, приредби и други активности. Преку вклучување во заеднички проекти со учениците и преку Советот на родители. Родителите се вклучуваат во работата на училиштето и во донесувањето на одлуки, како и иницијативи за учество и соработка преку организирање базари, спроведување на хуманитарни акции преку Подмладокот на Црвен крст, како и работилници на најразлични теми во соработка меѓу наставници, родители и ученици.

**Од интервјуто со директорот** се доби информација дека училиштето во локалната средина е препознатливо по индивидуалните и групните успеси на учениците, а се промовира преку веб и FB страната на училиштето, на приредби и свечени настани. Исто така училиштето се афирмира преку учениците кои завршиле во училиштето а се успешни понатаму во кариерата, натпревари, еколошки и хуманитарни акции и сл.

**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека секоја учебна година се реализираат активности со теми поврзани со заштита од пушење, алкохол и дрога како и работилници, презентации, квизови, подготвување и поделување на флаери и сл.

**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека училиштето им помага на учениците од социјално – загрозени семејства преку финансиска помош од спроведени хуманитарни собирни акции, преку кои се собираат средства за делумно ослободување од плаќање во однос на екскурзии и други активности во училиштето.

**Од интервјуто со директорот** се доби информација дека за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава училиштето обезбедува реализација преку користење на алатки и ресурси за онлајн настава (настава од далечина).

**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека често учениците се обраќаат до стручната служба во ситуации кога се со проблем или потешкотија, се чувствуваат загрижени, тажни, лути, а стручните соработници преку разговор и поттикнување се обидуваат да ги ослободат од притисокот на проблемите. Се спроведуваат работилници за социо – емоционално учење на учениците на најразлични теми.

**Од интервјуто со стручната служба** се доби информација дека процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието се организира преку денови за промоција на средните училишта на кои се поканувaат и родителите и учениците. За учениците се подготвуваат Прашалник за самопроцена на способности и Прашалник за самопроцена на интереси, а потоа добиваат Препораки со највисоки поени добиени од двата прашалника.

**Од интервјуто со директорот** се доби информација дека соработката на директорот на училиштето и Училишниот одбор е добра.

**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека процесот на следење на квалитетот на наставата се одвива преку спроведување на интегрална евалуација од страна на инспектори од ДПИ, следење на часови од страна на советници од БРО. Во училиштето се следат од страна на директор и стручна служба.Процесот на професионален развој на кадарот се одвива преку изработка на Личен план за професионален развој од страна на наставниците, па врз нивна основа се прави професионален план на ниво на училиште. Кариерното напредување на кадарот се одвива преку акредитирани обуки од БРО и МОН и преку „Јавен повик до наставниците, наставниците – ментори и стручните соработници во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник – ментор и стручен соработник - ментор“ на кој имаат можност да аплицираат наставниците и стручните соработници и да напредуваат во повисоко звање. Исто така училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесуваат иновации во работата, постигнуваат резултати со учениците со донесена одлука од Наставнички совет јавно се пофалуваат со пофалници.

**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето се одвива преку изготвување на Развојна програма и следење на работата на сите субјекти вклучени во воспитно – образовната работа, но и преку органите на управување Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет со директорот. Информациите со засегнатите страни се споделуваат преку извештаи разгледувани на состаноци на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор.

**Од интервјуто со стручната служба и директорот** се доби информација дека при развојното планирање учествува Тим за развојно планирање, но преку анкетирање и фокус групи се вклучуваат сите наставници, некои ученици и родители, како и локалната заедница. Соработката меѓу различните чинители е на високо ниво.

**Од интервјуто со директорот** се доби информација дека училиштето има планирано финансиски средства за потрошен материјал и навремено го набавува, така да родителите дополнително не ги оптоварува финансиски. А за искориетениот буџет на училиштето се изготвуваат извештаи на крајот од фискалната година преку разгледување на Училишен одбор и Совет на општина Берово.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека процесот на планирање на наставата во училиштето се одвива индивидуално и за време на состаноци на стручен актив.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека конкретните предмети/активности за изборните предмети се определуваат преку анкетни прашалници за учениците.

**Од фокус групата со наставниците** еден типичен час започнува со повторување на претходно учено, предавање на нова наставна содржина, дискусија, а учениците со потешкотии работат на поедноставни задачи или во група со други ученици. Еден поуспешен час: вовед преку енергенс, употреба на техника за учење и рефлексија.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека учениците со различни образовни потреби се идентификуваат според напредокот во наставниот материјал.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација вообичаено го планираат и спроведуваат оценувањето на учениците со методи и инструменти, според критериуми, ги информираат родителите, даваат повратни информации за подобрување на постигањата на учениците.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека целиот наставен кадар и сите ученици се вклучени во вонналставните активности, а во планирање на воннаставните активности се вклучуваат ученици за време на еколошки акции.

**Од фокус групата со наставниците се** доби информација дека околу 20% од учениците учествуваат на натпревари, а вообичаено учениците учествуваат на натпревари според постигањата и интересите.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека наставниците соработуваат на повеќе нивоа:

- Соработка во стручни активи;
- Соработка меѓу наставници од одделенска и предметна настава,
- Соработка со раководниот орган;

Наставниците исто така истакнаа дека не постојат случаи на закани и провокации (помеѓу воспитно – образовниот кадар, учениците и раководството).

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека за запознавање на учениците со почитувањето на правата на децата треба поголемо актуализирање на проблемите, вклученост на стручни служби, вклучување на родителите со цел надминување и благовремено решавање на проблемите.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека соработката со родителите училиштето ја поттикнува преку вклучување на родителите во отворени часови и часови за едукација, манифестации и поголема иницијативност од страна на одделенските раководители.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека соработката со повеќе институции се остварува преку посети и учество на манифестации на општинско ниво.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека процедурите за кариерно напредување се применуваат правично/фер за сите вработени во училиштето.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека сите наставници се вклучени и информирани за изготвување на развојната програма на училиштето.

**Од фокус групата со наставниците** се доби информација дека претежно училиштето обезбедува потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете најчесто учи од учебници и интернет, зависно од наставниот материјал.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете има можност да избере предмети кои сака да ги учи, од листата на понудени изборни предмети. Децата добиваат листа на слободни изборни предмети според првичниот интерес и расположливоста на наставен кадар. Избираат два изборни предмети, по еден за секое полугодие и нивниот избор се почитува, односно ги учат оние предмети кои ги избрале.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека има разлика во приодите кај различни наставници.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека вообичаено се нудат активности за запознавање на учениците со различните верски објекти, јазикот, носиите, празниците и со обичаите и храната на припадниците на другите етнички заедници, а нивното дете е вклучено во воннаставни активности во училиштето според сопствен интерес.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете е вклучено во воннаставните активности во училиштето. Поради тоа што наставата се одвива само на македонски јазик, нема можност за активности со ученици кои учат на друг јазик.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека редовно добиваат информации за успехот и поведението на своето дете од одделенските раководители и наставниците, а имаат можност да се информираат и преку е – дневникот. Нивните деца се задоволни од училиштето и повеќето деца сакаат да одат на училиште.

**Од фокус групата со родителите** се доби информација дека се задоволни од информациите кои ги добиваат од страна на училиштето за нивното дете. Родителите добиваат информации за успехот и поведението на своето дете од одделенските раководители и наставниците, а имаат можност да се информираат и преку е – дневникот. Добиваат совети за подобрување на успехот од одделенските раководители и стручната служба.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека училиштето обезбедува дополнителна настава за подобрување на постигањата/успехот, меѓутоа сметаат и дека на нивните деца им е потребна помош по завршување на наставата за учење и постигнување на очекуваните резултати, па некои деца посетуваат курсеви.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека училиштето ги вклучува/ги поттикнува родителите да се вклучат во активностите кои ги спроведува. При спроведените презентации на родителските средби за булинг и воспоставување дисциплина, родителите се запознаваат на кој начин можат да се вклучат во подобрување на дисциплината и однесувањето на учениците. Исто така се вклучуваат во работилници за подготвување на украси по повод празници и работилници за подготвување здрава храна. Тие сметаат дека добиваат информации за работата на училиштето од страна на Советот на родители за тоа што се расправа на состаноците, но тоа е по случаен пат, не е организирано за сите родители. Сепак се задоволни од транспарентноста.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нема поголеми проблеми, односно нема физичко насилство, туку повеќе вербално насилство и училиштето се справува со истото преку разговори и спроведување на повеќе работилници со учениците.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека нивното дете има можност да се обрати некому кога има проблем, кај одделенскиот раководител или педагошко – психолошка служба.

**Од фокус групата со родители** се доби информација дека родителите добиваат информации само за одредени работи од Училишниот одбор на училиштето, односно само за работи кои се однесуваат на екскурзии со учениците, осигурување на учениците и сл.

**Од фокус групата со учениците** се доби информација дека на најголем дел од часовите наставниците предаваат и пишуваат на табла, а учениците пишуваат во тетратките и понекогаш повторуваат од претходниот час. Поразлични се часовите по музичко, ликовно и физичко образование бидејќи помалку се задава или не се задава домашна работа. Најголем број од часовите се интересни и корисни, а најчесто се учи од учебници.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека учениците избираат предмети кои сакаат да ги учат од листата на понудени предмети, а процесот на избор се одвива со поделени прашалници со понудени слободни изборни предмети во 4 категории по три

предмети, од кои требаше да избереме два, еден за првото полугодие и еден за второто полугодие од различни категории. Нашиот избор се почитуваше затоа што ги учиме оние слободни изборни предмети кои ги заокруживме на прашалникот.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека учениците пред крајот на часот можат да дискутираат и да прашуваат или да кажат свое мислење.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека учениците немаат активности со ученици кои учат на друг јазик, бидејќи наставата во училиштето се одвива на македонски јазик.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека наставниците оценуваат преку тестови, писмени работи, усни одговори, активности на часовите. Сите ученици се третирани еднакво и имаат еднакви можности за постигнување резултати, на пример ако некој наставник помогне на еден ученик, помага и на сите други ученици.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека дисциплината е добра на најголем дел од часовите, но понекогаш некои ученици ја попречуваат наставата.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека знаат дека има Ученички парламент и досега имале состанок за избор на претседател. Но не се спроведувани други активности, а по повод Нова Година ќе има активности.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека се почитуваат правата на децата/учениците.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека сите ученици се чувствуваат безбедно во училиштето.

**Од фокус групата со ученици** се доби информација дека доколку учениците имаат проблем, се чувствуваат лути, тажни, исплашени имаат можност да се обратат кај одделенскиот раководител, наставник, стручна служба, директор. Вообичаено повеќето ученици се обраќаат на одделенските раководители.

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 2023/2024 ДО 2024/2025 ГОДИНА**
***ООУ„Никола Петров –Русински“ rusinski_rusinovo@yahoo.com https://npr.edu.mk/***

…КА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
…КОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ
Бр. 10-290/2
26.12.2025 год.
…усиново БЕРОВО

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 2023/2024 ДО 2024/2025 ГОДИНА

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | ООУ „Никола Петров -Русински“ Русиново, Берово |
| Адреса | Ул. ,,Борис Кидрич“ бр. 1 |
| Телефон, е – пошта | Моб. 071/246-210; 033/448-522, rusinski_rusinovo@yahoo.com |
| Период на подготовка на Самоевалуацијата | октомври - декември 2025 година |
| Број на ученици во училиштето | 60 |
| Број на подрачни училишта | / |
| Директор | |
| Име и презиме | Јованка Василевска Петрушева |
| Потпис | [signature] |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме на претседател на УО | Мери Цингарска |
| Потпис | Мери Ц. |
| Датум | 26.12.2025 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ООУ НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ Русиново Берово

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/19, 229/20 3/25 година) Општинското основно училиште „Никола Петров – Русински“, Русиново изврши самоевалуација на работата на училиштето за учебната 2023/2024 и 2024/2025 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата редовна седница одржана на 27.02.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата составена од 5 члена во следниот состав:

Сања Галабовска – психолог,
Лиљана Буровска – педагог,
Билјана Сердарска – наставник ментор,
Ленче Чипевска – одделенски наставник,
Сања Буровска – родител;

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот октомври - декември 2025 година.
За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Членови на Тимовите за спроведување на Самоевалуацијата за работата на училиштето

| Подрачје | Членови на Тим |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Ленче Чипевска – одговорно лице<br>Лиљана Буровска – член<br>Билјана Сердарска – член |
| 2. Постигања на учениците | Лиљана Буровска – одговорно лице<br>Сања Галабовска – член<br>Ленче Чипевска – член |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Сања Галабовска – одговорно лице<br>Лиљана Буровска – член<br>Сања Буровска – член |
| 4. Управување и раководење | Билјана Сердарска – одговорно лице<br>Јованка В. Петрушева – член<br>Лиљана Буровска – член |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.
По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 25.12.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.
Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

***Подрачје 1: Планирање, настава и учење***

| Опис/резиме на подрачјето |
|---|
| Наставниците ги реализираат Наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО и изготвуваа годишни планирања за сите наставни предмети и ги запознаваат учениците и родителите со содржините од наставните подрачја. Сите наставни часови се реализирани од страна на наставниците, кои пак користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, како и различни ресурси за учење и настава и материјали за ученици со посебни образовни потреби (по потреба) или потешкотии најчесто ги разменуваа информациите со други наставници пренесувајќи искуства и добри практики. Во училиштето се реализираат и дополнителни и додатни часови, како и вонаставни активности со различен карактер кои им се достапни на сите ученици со различни способности подеднакво и на учениците од машки пол и на учениците од женски пол.<br>Наставниците кон учениците се однесуваат со почитување, имаат разбирање кон нивните проблеми и индивидуални потреби и така ги приспособуваат задачите и активностите на часовите. При поучувањето наставниците користат различни ресурси за учење и настава. Учениците редовно се пофалуваат за постигнатите резултати и вложениот труд и постојано се запознаваат со материјалот кој што треба да го знаат и умеат за секоја од оценките. Навремено добиваат насоки како поуспешно да учат, но и за она што добро научиле, а што дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања. Во текот на наставата учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор.<br>Во почетокот на учебната година училиштето нуди слободни изборни предмети од кои учениците бираат по еден за полугодие, односно по два предмета кои ќе ги изучуваат во текот на учебната година. |

Во училиштето успешно се реализираат едукативни работилници, презентации и предавања од страна на Стручната служба, преку кои се разгледуваат разни теми и преку кои учениците имаат можност да се запознаат со општествените и социјалните проблеми кои ги носи современиот начин на живот, како и зголемена можност за личен и социјален развој и активности од МИМО инкорпорирани во други наставни содржини бидејќи во училиштето учат ученици исклучиво од македонска националност.

Учениците користат различни материјали и извори за учење, активно се вклучуваат во наставата и доколку нешто не им е јасно на часовите можат слободно да ги прашаат наставниците. За секоја добиена оцена наставниците навремено ги известуваат учениците и користат различни начини за проверка на знаењата (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). Тие се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН во три развојни периоди, а наставниците имаат усогласени критериуми за оценување со кои родителите навремено се запознаваат преку родителски средби, е – дневник, евидентни листови и Советот на родители. Училиштето го чувствуваат како безбедна и мотивирачка средина во која секој ученик може слободно да се изрази за време на часовите.

Училиштето има пропишано Протокол за постапка и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување со цел соодветна заштита на ученикот кој е засегнат, да се избегне стигматизација и да се задржи пристапот ориентиран кон поддршка и за ученикот – жртва и за ученикот – сторител. А стручната служба и наставниците преземаат активности за задоволување на индивидуалните потреби и отстранување на пречките во учењето и однесувањето на учениците.

**Силни страни**

- **Подеднакво вклучување во вonнаставните активности на учениците од двата пола;**
- **Учениците редовно се информирани за нивните постигања;**
- **Родителите имаат можност да се информираат за успехот и напредокот на своите деца во секое време;**
- **Учениците од нашето училиште учествуваат на голем број акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати.**

**Слаби страни**

- **При планирањето на вонаставни активности наставниците не ги вклучуваат учениците;**
- **Постои незадоволство кај некои ученици во однос на праведноста при оцнувањето;**
- **Сите родители не се подеднакво заинтересирани да се запознаат со наставните планови и програми и за вклучување во активностите во училиштето;**
- **Мал интерес кај учениците за личниот напредок при формативното оценување во текот на годината;**
- **Недоволната контрола и вклучување на некои родители во ангажираноста на учениците во домашните ученички задолженија и рационалното користење на слободното време.**

**Приоритети**

- **Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности во училиштето;**
- **Поголема мотивација на родителите да се запознаат со наставните планови и програми и за вклучување на поголем број родители во активностите во училиштето;**
- **Давање мотивирачка повратна информација на учениците за подобрување на личниот напредок при формативното оценување во текот на годината;**
- **Поттикнување на интересот кај родителите за континуирано следење на училишниот напредок на своите деца (контрола во извршување на домашните задачи, следење на социјализацијата на своите деца и правилно користење на слободното време).**

***Подрачје 2: Постигања на учениците***

Опис/резиме на подрачјето

За постигањата на учениците, училиштето води целосна и уредна евиденција за секој ученик/ученичка за сите квалификациони периоди, по сите предмети и за додатна и за дополнителна настава. А напредокот на секој ученик е следен од стручната служба кој соработува со наставниците и помага во изготвување на материјали за учење, при што успешно се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето како и надарените ученици и ученици со попреченост. За учениците кои недоволно го совладале материјалот се организира дополнителна настава, а за оние ученици кои напредуваат во материјалот и имаат капацитет за повеќе знаење и за оние ученици кои сакаат да учествуваат на натпревари се организира додатна настава според претходно утврден распоред.

Сите ученици во училиштето имаат примерно поведение, редовни се во наставата, освен оние ученици кои од оправдани причини или здравствени проблеми подолг период не посетувале настава, за нив училиштето обезбедува реализација на настава преку користење на алатки и ресурси за онлајн настава (настава од далечина).

Една од најзначајните предности на училиштето е утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како ќе се известуваат за успехот и поведението учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми.

| |
|---|
| Јаки страни<br><br>• **Вклученост на голем број ученици во вонаставните активности;**<br>• **Следење на напредокот на учениците во споредба со претходниот период на проверување и оценување;**<br>• **Се применуваат стандардите за оценување на постигањата на учениците;**<br>• **Редовноста на учениците на настава е на високо ниво.** |
| Слаби страни<br><br>• **Има потреба да се подобри ефикасноста на реализацијата на дополнителната настава, иако училиштето има распоред за реализација на дополнителна настава.** |
| Приоритети<br><br>• **Вклучување на учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на дополнителната настава според нивните потреби.** |

***Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето***

| |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето<br><br>Вработените во училиштето соработуваат и заемно се стремат кон тимска работа насочена кон основната цел – едукација на младите.<br>Кодексот на однесување на училиштето е донесен и усвоен 2010 година од страна на Училишниот одбор, кој досега не е ажуриран но се почитува од сите чинители во училиштето.<br>Училишната клима во училиштето е позитивна насочена кон взаемно почитување и соработка меѓу наставниците, учениците и родителите, каде се одржува добра работна дисциплина и за време на часовите и надвор од часовите.<br>Учениците учествуваат во донесување одлуки и решавање на проблеми преку Ученичкиот парламент. Двајца членови од Ученичкиот парламент учествуваат во работата на Училишниот одбор без право на глас избрани со тајно гласање. Во училиштето функционира и Ученички правобранител и негов заменик, но во последните две години нема претставки и барања доставени од страна на учениците.<br>Во училиштето се почитуваат правата на децата и се заштитуваат во случај на нивно нарушување. Стручната служба исто така спроведува работилници преку кои ги запознава учениците со Конвенцијата за правата на децата, се промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности кон учениците независно од полот, социјалното потекло или способностите. Постојано се спроведуваат работилници за |

| |
|---|
| превенција и заштита од насилство, заштита од алкохол, дрога и пушење и постојано се води грижа за безбедноста на учениците и вработените, како и за учениците од социјално загрозените семејства и учениците со здравствени проблеми. Но доколку некое од учениците се чувствува загрижено, луто или тажно и има потреба за разговор, секогаш може да се обрати до стручната служба, која секогаш пружа поддршка и се грижи за добрата социо – емоционална состојба на секој ученик, но и нуди помош и повратни информации при изборот на продолжување на образованието.<br>Училиштето соработува со родителите на сите нивоа, ги вклучува во активности и донесување одлуки преку Советот на родители. Родителите добиваат информации и имаат можност постојано да прават увид во постигнувањата/успехот и поведението на своите деца преку е – дневникот, смс – пораки и социјалните мрежи.<br>Училиштето исто така соработува и со локалната заедница и Општината преку разгледување на извештаи, настани, хуманитарни акции и други активности. |
| Силни страни<br><br>• **Училиштето подеднакво ги истакнува постигањата на сите ученици;**<br>• **На учениците не им пречи присуството на ученици со пречки/потешкотии во умствениот и физичкиот развој;**<br>• **Училишниот простор е безбеден за изведување настава и учениците се чувствуваат безбедно и сигурно;**<br>• **Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците, во училиштето постои соработка меѓу стручната служба, наставниците, родителите и здравниот дом и е дел од културата на училиштето.** |
| Слаби страни<br><br>• **Недоволна мотивираност на сите субјекти во училиштето во создавање позитивна клима за работа и учење и поголема меѓусебна соработка и почитување.** |
| Приоритети<br><br>• **Преземање мерки за мотивирање на сите субјекти во училиштето за создавање позитивна клима за работа и учење и поголема меѓусебна соработка и почитување.** |

*Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики*

| Опис/резиме |
|---|
| Училишниот одбор работи на состаноци кои ги води Претседател, преку кој другите субјекти вклучени во воспитно – образовниот процес добиваат навремени информации за работата на училиштето.<br>Орган на раководење во училиштето е директорот кој постојано се стреми кон обезбедување на работна и безбедна средина, ефикасна и квалитетна настава во која има интерактивна соработка меѓу учениците, наставниците и родителите, кои пак се мотивираат за градење на демократска, инклузивна, интеркултурна и мултикултурна средина во која се негува соживот и толеранција.<br>Директорот го следи наменското трошење на средствата од одобрениот буџет, кој пак го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на настава и развојот на училиштето во целина. Но постојано ја следи законитоста во финансиското работење.<br>Во училиштето има наставници по сите наставни предмети и одделенски наставници кои редовно и уредно ги извршуваат своите работни задачи, компетентно според Законот за основно образование. Доколку некој од наставниците е отсутен, часовите ги заменуваат училишниот психолог или педагог за непречено одвивање на наставата, а директорот е известен за секое отсуство. Работата на наставниците се следи два пати годишно, односно по еднаш во полугодие од страна на директорот, училишниот психолог и педагог од кои добиваат повратни информации за наставните програми и планови.<br>Во постапките за креирање на училишните политики се вклучени Основачот општина Берово, наставниците, учениците и родителите, при што се почитуваат насоките дадени од БРО и МОН, каде заинтересираните субјекти се информираат писмено со документи со достава или преку огласна табла.<br>На сите ученици подеднакво им се овозможува да учествуваат во активности и манифестации по повод одбележување на културни, уметнички, историски, еколошки, спортски активности, собирни акции и сл., а и подеднакво сите ученици имаат можност да ја користат училишната библиотека, кој располага со библиотечен фонд од околу 9068 книги. |
| Јаки страни<br><br>• **Целосно реновирани училници и ходници во училиштето;**<br>• **Направена водоводна и канализациона инсталација во кабинетот по биологија и хемија;**<br>• **Максимална искористеност на училишниот простор при реализацијата на воспитно – образовната дејност;**<br>• **Во сите училници има SMART табли, а во училниците на одделенска настава и печатачи;**<br>• **Училиштето обезбедува средства за потрошен материјал за наставата и вонаставните активности;**<br>• **Училишната библиотека располага со голем број книги, лектири и стручна литература;**<br>• **Училиштето ги консултира родителите при донесувањето на важни одлуки кои се од интерс за учениците;** |

| |
|---|
| • **Учениците и нивните родители се информирани за се што треба да знаат во врска со нивното образование во училиштето;**<br>**Во нашето училиште постои долгорочно планирање.** |
| Слаби страни<br><br>• **Дел од наставниците не сакаат да бидат вклучени во креирањето на училишната политика;**<br>• **Некои родители немаат доволно информации за работата на училишниот одбор;**<br>• **Застарен и дотраен под во училишните простории на првиот и вториот кат;**<br>• **Оштетени ѕидови и под во спортската сала.** |
| Приоритети<br><br>• **Поголемо вклучување на сите наставници во креирањето на училишната политика;**<br>• **Подобрување на информираноста на поголем број родители за работата на училишниот одбор;**<br>• **Санирање на подна подлога во училниците и ходниците на првиот и вториот кат;**<br>• **Реновирање на спортската сала;** |

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА Од подрачје 1 ( Планирање, настава и учење)**

**Вклучувањето на учениците во планирањето на  воннаставните активности во училиштето ќе придонесе за поголем интерес и поактивно нивно учество во активностите. Мотивирањето на родителите да се запознаат со наставните планови и програми ќе придонесе за вклучување на поголем број родители во активностите во училиштето. Давањето мотивирачка повратна информација од страна на наставниците при формативното оценување на учениците ќе придонесе за подобрување на личниот напредок и постигнување на повисоки резултати. Поттикнувањето на интересот кај родителите за континуирано следење на училишниот напредок на своите деца (контрола во извршување на домашните задачи, следење на социјализацијата на своите деца и правилно користење на слободното време) ќе придонесе за постигнување повисоки резултати кај нивните деца.**

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА Од подрачје 2 (Постигање на учениците)**

**Вклучувањето на учениците во планирањето и реализирањето на дополнителната настава според нивните потреби ќе придонесе за нивна поголема мотивација за учество на часовите по дополнителна настава со што ќе го подобрат и својот успех.**

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА Од подрачје 3 (Училишна клима и односи во училиштето)**

**Со спроведувањето активности за мотивирање на сите субјекти во училиштето за создавање позитивна клима за работа и учење и поголема меѓусебна соработка и почитување ќе се подобри училишната клима и меѓусебните односи.**

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА Од подрачје 4 (Управување, раководење и креирање политики)**

**Мотивирањето на сите наставници да учествуваат во креирањето на училишната политика ќе придонесе за чувство на припадност и ќе ја зголеми одговорноста за спроведување на истата. Подобрувањето на информираноста на поголем број родители за работата на училишниот одбор ќе придонесе за поголема транспарентност во работата на училиштето.**

**Комисијата, извештајот од извршената самоевалуација на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, Директорот на училиштето и до основачот на истото**

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 2023/2024 ДО 2024/2025 ГОДИНА**

***ООУ„Никола Петров –Русински“*** ***rusinski_rusinovo@yahoo.com https://npr.edu.mk/***

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

**Сања Галабовска – психолог**

__________________

**Љиљана Буровска – педагог**

__________________

**Ленче Чипевска – одделенски наставник**

__________________

**Билјана Сердарска – предметен наставник – ментор**

__________________

**Сања Буровска – родител**

__________________

**Дата**

24.12.2025

**Доставено до:**
**Мери Цингарска**
**Претседател на Училишен одбор**

__________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ООУ НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ Русиново Берово

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ
Бр. 09-289/6
26.12.2025 год.
Русиново БЕРОВО

Врз основа на член 108 став 1 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 и 250/25) и член 25 од Статутот на ООУ „Никола Петров - Русински" Русиново, Училишниот одбор на седница одржана на ден 26.12.2025 година донесе:

# ОДЛУКА

## За усвојување на Самоевалуација со Извештај за работата на училиштето за учебна 2023/2024 и 2024/2025 година

### Член 1

Се усвојува Самоевалуацијата и Извештајот за работата на училиштето за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година.

### Член 2

Ова одлука стапува на сила од денот на донесувањето.

Русиново
26.12.2025 год.

ООУ„Никола Петров-Русински“
Училишен одбор
Претседател
Мери Цингарска
Мери Ц.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ООУ НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ Русиново Берово